# САМОЕВАЛУАЦИЈА
# НА ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“, С. ЉУБАНЦИ
# ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2020-2022

| | |
|---|---|
| **Период на самоевалуација** | **2020-2022 година** |
| **Вид на училиште** | **Општинско основно училиште** |
| **Основач на училиштето** | **Општина Бутел** |
| **Наставен јазик** | **македонски јазик** |
| **Претседател на Училишниот одбор** | **Зоран Ацевски** |
| **Директор на училиштето** | **Ул. 7 бр. 90 с. Љубанци, Бутел** |
| **Телефон** | **02-2661250** |
| **Електронска пошта** | **gocedelcev_ljubanci@yahoo.com** |
| **Веб страна на училиштето** | **https://oougocedelcevljubanci.edu.mk/** |

| | |
|---|---|
| **Подрачје 1: Наставни планови и програми**<br>1.1 Реализација на наставните планови и програми<br>1.2 Квалитет на наставните планови<br>1.3 Воннаставните активности<br><br>**Подрачје 2: Постигања на учениците**<br>2.1 Постигања на учениците<br>2.2 Задржување/осипување на учениците<br>2.3 Повторување на учениците<br><br>**Подрачје 3: Учење и настава**<br>3.1 Планирање на наставата<br>3.2 Наставен процес<br>3.3 Искуства на учениците од учењето<br>3.4 Задоволување на потребите на учениците<br>3.5 Оценување како дел од наставата<br>3.6 Известување на напредокот на учениците<br><br>**Подрачје 4: Поддршка на учениците**<br>4.1 Севкупна грижа за учениците<br>4.2 Здравје<br>4.3Советодавна помош за понатамошно образование на учениците<br>4.4 Следење на напредокот | **Подрачје 5: Училишна клима**<br>5.1 Училишна клима и односи во училиштето<br>5.2 Промовирање на постигањата<br>5.3 Еднаквост и правичност<br>5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница.<br><br>**Подрачје 6: Ресурси**<br>6.1 Сместување и просторни капацитети<br>6.2 Наставни средства и материјали<br>6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар<br>6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар<br>6.5 Финансиско работење во училиптето<br><br>**Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика**<br>7.1 Управување и раководење со училиштето<br>7.2 Цели и креирање на училишната политика<br>7.3 Развојно планирање |

Врз основа на Законот за основно образование (Сл. Весник на Република Северна Македонија бр. 161/2019) член 129 став 1, 2, 3, 4 и 5 по предлог на директорот на училиштето Училишниот одбор на редовна седница на 17.6.2022 година ја формира комисијата (број 03-205 од 17.6.2022 година) составена од 5 члена кои се одговорни за составување на Крајниот извештај за спроведената самоевалуација на училиштето за периодот 2020-2022 година.

**КОМИСИЈА:**

**Елена Наумовска– Предметен наставник**
**Анета Стојкова – Психолог**
**Билјана Маневска – Одделенски наставник**
**Бојана Н. Радосавлевиќ – Предметен наставник**
**Влатко Младеновски - Родител**

За успешна реализација на сите активности содржани во подрачјата од воспитно образовната работа на наставниците со учениците, за соработката со родителите, за соработката – комуникација со Општината и околината, со приватниот и јавен сектор, од сите нејзини аспекти формирани се 7 тима во кои се опфатени сите наставници и вработени во училиштето.

При извршената анализа на сите седум подрачја на самоевалуацијата за периотот 2020-2022 година, комисијата изготви извештај.

При изготвување на извештајот за самоевалуацијата 2020-2022 покрај Законот за основно образование и Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ, беа користени и други документи кои можат да помогнат и да бидат извор на податоци за процесот на самоевалуација на училиштето. Истите се дадени во анализите на секое подрачје поединечно.

Целта на самоевалуацијата е со конкретни анализи во сите области на работењето на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките и слабите страни за кои следуваат и предлог мерки за надминување. Вообичаените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставнииот процес (директни и индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и да ги искористат постојаните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно образовниот процес. Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и вонаставните активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е да се отстранат слабите страни, а јаките страни да се одржат и да се зајакнат согласно предизвиците и трендовите во воспитно образовниот процес.

Според анализите од спроведената самоевалуација за периодот од 2020-2022 година комисијата резултатите, со предлог на мерки за подобрување на квалитетот на ВОР се доставени до училишниот одбор, директорот на училиштето и основачот. Предлог мерките Училишниот одбор и директорот ги земаат во предвид при изработка на Годишната програма за работа на училиштето и Развојната програма за работа на училиштето.

**КОМИСИЈАТА ГИ ДАВА СЛЕДНИВЕ ПРЕПОРАКИ КАКО МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО**

1. Потребно е да се зголеми комуникацијата помеѓу родители и училиштето за поголема инволвираност на родителите во работата на училиштето и поддршка на училиштето за зголемување на капацитетите на родители во електронската комуникација (Констатирано во подрачје 2 и подрачје 3)

2. Обезбедување обука на наставници за работа со ученици со посебни потреби, ученици од ранлива категорија, надарени ученици (Подрачје 2, Подрачје 4 и Подрачје 7)

3. Изработка на план и процедура за регулирање и издавање на признанија во сите подрачја на активностите на училиштето вклучувајќи ги и учениците со послаб успех (Подрачје 5)

4. Уредување на кујната по хасап систем и да се набави кујнска опрема која што недостасува или е неисправна (Подрачје број 6)

5. Подобрување во промоција и обезбедување на здрав стил на живеење кај учениците (унапредување на здравјето на учениците) и подигање на еколошката свест (Подрачје 3 и Подрачје 7)

## ПОДРАЧЈЕ 1:  НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

**Ниво на евалуација : многу добро**

| Број | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| **1.1** | **Реализација на наставните планови и програми** | ➢ Применување наставни планови и  програми и создавање визија за она што го посакуваме;<br>➢ Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми;<br>➢ Наставни програми за ученици со посебни образовни потреби<br>➢ Избор на наставни програми.<br>➢ Реализација на програми со системска промена;<br>➢ Избор на изборни предмети |
| **1.2** | **Квалитет на наставните планови и програми** | ➢ Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебни помагала;<br>➢ Соработка со локалната средина во наставните програми и наставните помагала;<br>➢ Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието и определување приоритети за подобрување;<br>➢ Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми; |
| **1.3** | **Воннаставни активности** | ➢ Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности;<br>➢ Опфатеност на учениците со воннаставните активности;<br>➢ Вклученост на учениците во изборот  и планирањето на работата во воннаставните активности;<br>➢ Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности; |

**Резултати:**

**Клучни јаки страни:**

- Целосна и доследна примена на наставните планови и програми одобрени од Министерството за образование и наука (МОН);
- Родителите и учениците навремено се информирани за наставните планови и програми што се реализираат;
- Успешно интегрирање на еколошка едукација во наставните планови и програми од страна на наставниците;
- Целосна примена на постапката за избор на изборни наставни предмети;
- Планирање и реализирање разновидни воннаставни активности кои ги одразуваат потребите и интересите на учениците од разни

| |
|---|
| области;<br>• Континуирана едукација на наставниот кадар за изработка на унифицирани Индивидуални образовни планови за работа со деца со посебни образовни потреби (ИОП).<br>• Учениците учат во современи училници кои што се опремени со смарт табли<br>• Учениците кои го афирмираат училиштето и постигнуваат високи резултати на натпреварите, училиштето им доделува награди и дипломи |
| **Слаби страни**<br>• Недоволен интерес кај наставниците и родителите за покренување писмена иницијатива за промена на наставните планови и програми одобрени од МОН;<br>• Недостаток на наставни програми за некои изборни наставни предмети (слободни изборни предмети);<br>• Недоволна стручна литература (Прирачници за реализација на наставни програми). |
| **Идни активности:**<br>**-Приоритети од ова подрачје кои можат да бидат вклучени во Програмата за развој на училиштето**<br>• Планирање активности за прибирање и разгледување мислења за наставните планови и програми од наставници и родители и покренување писмена иницијатива за нивна промена до БРО и МОН;<br>• Континуирана набавка на Прирачници и друга стручна литература за реализација на наставата и вонннаставни активности. |

## ПОДРАЧЈЕ 2: ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

**Ниво на евалуација :**

| Број | Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| **2.1** | Постигања на учениците | • Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) според наставни предмети и според квалификациони периоди<br>• Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата)<br>• Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби<br>• Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава<br>• Следење на постигањата на редовните и вонредните ученици при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование<br>• Следење на хоризонтално и вертикално движење на учениците |
| | | • Опфат на учениците |

| | | |
|---|---|---|
| **2.2** | Задржување/осипување на учениците | • Редовност во наставата<br>• Осипување на учениците<br>• Премин на ученици од едно училиште во друго |
| **2.3** | Повторување на учениците | • Ученици кои не ја завршуваат годината |

**Резултати:**

**Клучни јаки страни**

- Наставниот кадар вложува напори и нуди соработка за да ги подобри постигнувањата на учениците, особено на оние кои пројавуваат интерес за продлабочување на своето знаење. Учениците постојано се ангажирани во изработка на проекти, ѕидни весници и постери, потоа подготовки за училишни, општински, регионални и државни натпревари, училишни кросеви итн. во кои ќе земат учество ученици од двата пола со различен општ успех, со различен социјален статус и со различни желби, интереси и таленти.
- Наставниците совесно се стремат постигнувањата на учениците да ги наградат со реални оцени, за да ги стимулираат самите ученици да постигнат уште поголеми резултати во рамките на своите можности. Кога таквите резултати ќе се постигнат било во настаните или во вонаставните активности училиштето ги наградува учениците со пофалници, дипломи, книги и сл.
- Секој ученик кој бара дополнително внимание и време за проверка на неговите знаења е сослушан и му се дава шанса.
- Паралелките во нашето училиште се помали ( 15- 20 ученика), што е многу важен предуслов за континуирано следење на работата на секој ученик поединечно како и паралелката во целост за да се постигне крајната цел- поголем напредок и подобри резултати.
- Нашето училиште остварува соработка со Советот за безбедност во сообраќајот кој ни помага во градењето на сообраќајната култура на нашите ученици како секојдневни учесници во сообраќајот, со Центарот за социјални работи, со локалната самоуправа, како и соработка и размена на искуства со други училишта и други институции кои се од значење за подобрување на успехот на учениците.
- Осипувањето на учениците е незначително и вонглавно се должи на префрлање во друга образовна институција поблиску до местото на живеење.
- Образовниот процес го завршуваат 98-99% од запишаните ученици (повторувањето на учениците е незначително).

**Слабости**

- Недоволно  нагледни средства и помагала и немање услови за кабинетска настава.
- Оддалеченоста на училиштето од културните институции ( кино, театар, библиотеки)
- Потребна е поголема ангажираност на Советот на родители, МОН и локалната власт за изнаоѓање на финансиски средства за збогатување на училишниот фонд на книги, нагледни средства, модерно уредени и опремени училници, покривање на трошоците за учество во натпревари и вонна ставни активности.

**Идни активности**

**- Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**
1. Подобрување на инфраструктурната состојба на училниците ( или пак  нивно адаптирање)
2. Дополнителни обуки на наставници кои имаат потреба од нив.
3. Изработка на нагледни средства.
4. Подобрување и интензивирање на соработката со Советот на родители во насока на обезбедување на негова подршка во сите сегменти на образовниот процес.

## ПОДРАЧЈЕ: 3. НАСТАВА И УЧЕЊЕ

**Ниво на евалуација :**

| *Број* | *Индикатори за квалитет* | *Т е м и:* |
|---|---|---|
| **3.1** | Планирања на наставниците | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Индивидуални планирања на наставниците<br>• Размена на искуства и информации при планирањето<br>• Распоред на часови |
| **3.2** | Наставен процес | • Наставни форми и методи<br>• Употреба на ИКТ во наставата<br>• Избор на задачи, активности и ресурси<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>• Приодот на наставникот кон учениците<br>• Следење на наставниот процес |
| **3.3** | Искуства на учениците од учењето | • Средина за учење<br>• Атмосфера за учење<br>• Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>• Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето |
| **3.4** | Задоволување на потребите на учениците | • Идентификување на образовните потреби на учениците<br>• Почитување на различните потреби на учениците во наставата |
| **3.5** | Оценувањето како дел од наставата | • Училиштна политика за оценување<br>• Методи и форми на оценување<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| **3.6** | Известување за напредокот на учениците | • Известување на родителите за напредокот на учениците |

| **Резултати:** |
|---|
| **Клучни јаки страни**:<br>• Квалитетно изработени планирања од страна на наставниците и следење на истите од страна на училиштето;<br>• Примена на активна настава и различни форми и техники на следење и подучување;<br>• Подеднакво третирање во учениците во сите сфери на воспитно образовниот процес;<br>• Постојано следење на учениците и нивните постигања во согласност со стандардите за формативно оценување;<br>• Навремено, комплетно информирање на учениците и нивните родители за постигнувањата.<br>• Успешно и квалитетно изработена Годишна програма за работа на училиштето<br>• Целосна реализација на Годишната програма за работа на училиштето (полугодишни и годишни извештаи);<br>• Работа според приспособени индивидуализирани наставни програми (ИОП) со учениците со посебни образовни потреби кои се вклучени во редовната настава.<br>• Реализација на Годишна програма за работа на Совет на родители на училиштето |
| **Слабости**:<br>• Недоволна активност за подигање на еколошката свест кај учениците и околината<br>• Родителите повремено го користат електронскиот дневник за да се информираат за успехот и поведението на нивните деца, а некои и воопшто не го користат |
| **Идни активности**<br>-**Приоритетни подподрачја во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето.**<br>• Зголемување на активностите за подигање на еколошката свест кај учениците и околината<br>• Поттикнување на родителите за редовно користење на електорнскиот дневник и електорнска комуникација |

## ПОДРАЧЈЕ 4. ПОДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

**Ниво на евалуација :**

| ***Број*** | ***Индикатори за квалитет*** | ***Т е м и:*** |
|---|---|---|
| **4.1** | Севкупна грижа за учениците | • Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br>• Превенција од насилство<br>• Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>• Квалитет на достапна храна<br>• Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот<br>• Грижа за учениците од социјално загрозени семејства |
| **4.2** | Здравје | • Хигиена и заштита од болести<br>• Грижа за учениците со здравствени проблеми |
| | Советодавна помош за | • Давање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно |

| | | |
|---|---|---|
| **4.3** | понатамошно образование на учениците | образование, доусовршување или вработување<br>• Грижа за учениците со емоционални потешкотии |
| **4.4** | Следење на напредокот | • Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>• Анализа на напредокот на учениците по паралелки |

**Резултати:**

**Клучни јаки страни**

- Секојдневното следење на напредокот на учениците, нивната редовност, поведение и општиот развој во образовниот процес од страна на наставниците и делување во таа насока.
- Достапност на евиденцијата на резултатите на учениците, за нивните родители, наставници како и за нив самите.
- Учениците во секое време можат да се обратат за помош или совет во училиштето.
- Учениците кои се образуваат во училиштето, а се со пречки во физичкиот и психичкиот развој се соодветно прифатени од наставниците и од нивните соученици.
- Училиштето се грижи за редовни систематски прегледи на учениците како и за редовни вакцинации.
- За физичкото здравје на учениците, вклучувајќи ги и оние со посебни физички потреби се грижат настаниците по физичко и здравствено образование.
- Наставниците се во постојан контакт со родителите, и ги информираат за напредокот на нивните деца.
- Во училиштето постои стручна служба

**Слабости**

- Потребна е поредовна и поцврста соработка со институции како Заводот за ментално здравје
- Наставниците не се доволно стручно подготвени за работа со деца кои имаат пречки во физичкиот или психички развој.

**Идни активности**

**-Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Обезбедување обука на група наставници за работа со деца со посебни потреби, како и работа со деца со пост-конфликтни ситуации

## ПОДРАЧЈЕ: 5. ЕТОС

**Ниво на евалуација :**

| Број | Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| | | • Углед/имиџ на училиштето<br>• Кодекс на однесување |

| | | |
|---|---|---|
| **5.1** | Училишна клима и односи во училиштето | • Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина во училиштето<br>• Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки |
| **5.2** | Промовирање на постигањата | • Промовирање на личните постигања на учениците<br>• Промовирање на постигањата во име на училиштето) |
| **5.3** | Еднаквост и правичност | • Познавање на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>• Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот |
| **5.4** | Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница | • Соработка на училиштето со родителите<br>• Соработка со локалната заедница<br>• Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор |

**Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости**

***Клучни јаки страни***

- Почитување на учениците со различни способности и различни пречки во развој;
- Зголемен број на учества на конкурси за време на хибридна(онлајн настава-4 одд до 9 одд и со физичко присуство 1одд до 3 одд) ;
- Вклученост на ученици со различни пречки во развојот во вонучилишни активности и приредби .

***Слаби страни***

- План и процедура за давањето признанија во сите подрачја на активностите во училиштето и се однесува и на учениците со послаби способности за учење.

***Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето***

1. Изработка на план и процедура за регулирање и издавање на признанија во сите подрачја на активностите на училиштето вклучувајќи ги и учениците со послаб успех.

**ПОДРАЧЈЕ: 6. РЕСУРСИ**
**Ниво на евалуација :**

| Број | Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| **6.1** | Сместување и просторен капацитети | • Просторни услови<br>• Искористеност на просторните капацитети |
| **6.2** | Наставни средства и материјали | • Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br>• Училишна библиотека<br>• Потрошен материјал |
| **6.3** | Обезбедување на потребниот наставен кадар | • Број на вработени и соодветност на наставниот кадар<br>• Ефикасност и распоредување на кадарот<br>• Стручната служба како подршка на наставниот кадарот |
| **6.4** | Следење на на развојните потреби на наставниот кадар | • Професионален развој на наставниците |
| **6.5** | Финансиско работење во училиштето | • Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење<br>• Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет |

**Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости**

**Клучни јаки страни**

- Сите простории во училиштето се соодветно опремени и со ПВЦ прозори;
- Просториите во интернатот се добро опремени и функционални;
- Училиштето располага со сигурносна рампа и пристапна патека за лица со физички инвалидитет;
- Училиштето располага со голем број наставни и нагледни средства, има утврдено политика за утврдување на потребата од истите и редовно го зголемува нивниот број;
- Сите наставни предмети ги предаваат соодветни наставници;
- Наставниците и членовите на стручната служба се посветени на својот професионален развој.

**Слабости**

- Училишниот двор не е целосно ограден и хортикултурно не се уредува континуирано;
- Не постои приспособен тоалет за ученици со физичка попреченост;
- Главната влезна врата во старата училишна зграда е неисправна
- Кујната не е по хасап систем и недостасува кујнска опрема

| |
|---|
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br>• Училишниот двор целосно да се огради и хортикултурно да се уредува континуирано;<br>• Да се приспособи тоалет за ученици со физичка попреченост;<br>• Главната влезна врата во старата училишна зграда да се замени со нова;<br>• Кујната да се уреди по хасап систем и да се набави кујнска опрема која што недостасува или е неисправна |

**ПОДРАЧЈЕ 7: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА**
**Ниво на евалуација :**

| ***Број*** | ***Индикатори за квалитет*** | ***Т е м и:*** |
|---|---|---|
| **7.1** | Управување и раководење со училиштето | • Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето |
| **7.2** | Цели и креирање на училишната политика | • Јасност и соодветност на целите<br>• Процедури за креирање на училишната политика |
| **7.3** | Развојно планирање | • Цели на развојното планирање<br>• Професионален развој / стручно усовршување на кадарот<br>• Материјално-технички средства<br>• Инфраструктура |

| **Резултати:** |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>• Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето.<br>• Училишниот одбор е транспарентен во својата работа и има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури<br>• Раководниот орган воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и пошироката заедница.<br>• Раководниот орган донесува одговорни одлуки и успешно раководи со промените во образовниот систем<br>• Раководниот орган иницира и успешно спроведува позитивни промени во работењето на училиштето<br>• Навремено изготвување и доставување на Годишната програма и Извештајот за работа на училиштето<br>• Тимска работа со вклучување на вработените во процесот на развој на планирање и обезбедување квалитет |

| |
|---|
| • Училиштето ги поддржува учениците во различни вон наставни активности;<br>• Училиштето ги зема во предвид мислењата на родителите и учениците;<br>• Редовно одржување на инфраструктурата<br>• Работењето на училиштето е засновано на уредна документација согласно законските акти |
| **Слабости**<br>• Наставен кадар е недоволно обучен за работа со ученици со посебни потреби;<br>• Недоволно промовирање на зддрав стил на живеење кај учениците |
| **Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои можат да бидат вклучени во планот за развој на училиштето.**<br>• **Оспособување на наставен кадар за работа со ученици со посебни потреби**<br>• **Подобрување во промоција и обезбедување на здрав стил на живеење кај учениците (унапредување на здравјето на учениците)** |

## ПОДРАЧЈЕ БРОЈ 1: НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

| **1.1 Реализација на наставните планови и програми** |
|---|

| Ниво на  евалуација – многу добро | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Кои информации се собрани** |
| • Наставни планови и програми донесени од БРО<br>• Годишни – тематски планирања на наставниците<br>• Нормативни акти на училиштето<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Записници од родителски совети на училиштето<br>• Записници од родителски средби<br>• Записници од наставнички совети на училиштето и активите<br>• Годишна програма на училиштето<br>• Стручни упатства и насоки за операционализација на наставните планови и програми<br>• Покани за учество на семинари<br>• Извештаи од анкетирани родители на ученици<br>• Застапеност на изборните предмети по паралелки<br>• Дневници на паралелките<br>• Записници од работата на слобдните ученички активности<br>• Подготовка и учество на натпревари<br>• Програма со системска промена добиена од БРО во согласност со МНО<br>• Брошури | Наставните планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем, и ја следи  визијата - училиштето да реализира современа, ефикасна и квалитетна настава во 21 век со постигање максимален развој и едукација на учениците и наставниците.<br><br>Бирото за развој на образованието од учебната 2021/2022 година започна со спроведување и примена на новата концепција за основно образование за I и IV одделение на деветгодишното основно образование, а потоа ќе продолжи и наредната учебна година 2022/2023 година за I, II, IV и V одделение.<br><br>Наставните планови и програми во секое време им се достапни на наставниците бидејќи се во електронска форма за секое одделение на ниво на училиште и на страната на БРО и истите се користат во секојднавното работење .<br><br>Училиштето преку Совет на родители и Училишен одбор ги зема предвид мислењата на родителите во врска квалитетот и обемноста на    наставните планови и програми и покренува иницијатива до МОН и БРО, доколку се бара нивни измени и дополнувања.<br><br>Учениците пак, редовно се запознаваат со содржините кои треба да ги обработуваат, преку тематските, неделните планирања на наставниците и одделенските часови. |

| | |
|---|---|
| | Изработени се и Наставни планови и програми за учениците со посебни образовни потреби вклучени во редовната настава од страна на наставниците кои им предаваат.<br><br>Училиштето ги нуди сите изборни предмети според наставниот план. Изборните предмети се избираат со писмено изјаснување (изјава) на родителите на секој ученик. Секој изборен предмет влегува во наставата иако не може секогаш да се формира наставна група од 15 ученика, затоа што некои паралелки се помали..<br><br>Училиштето е отворено за промени и реализира проекти кои го прават училиштето поефективно и современо. Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем и се следи визијата- училиштето да биде со современа, ефикасна и квалитетна настава во 21 век со постигање максимален развој и едукација на учениците и наставниците. |

<table>
<tr><th colspan="2">1.2 Квалитет на наставните планови и програми<br>Ниво на  евалуација – многу добро</th></tr>
<tr><th>Извори на податоци</th><th>Кои информации се собрани</th></tr>
<tr><td>• Стручни ктиви<br><br>• Нормативни акти на училиштето<br><br>• Разговор со наставници – родители<br><br>• Записници од активи на наставници<br><br>• Записници од наставнички совет<br><br>• Интревју со директор<br><br>• Анкети со наставници, родители и ученици<br><br>• Програма со системска промена добиена од БРО, во согласност со МОН<br><br>• Брошури</td><td>Наставниот план и програма во целост го помага личниот и општествениот развој на машки и женски ученици од различно етничко потекло преку еднаква полова и етничка застапеност преку реализирање на содржините од: Образование за животни вештини, Вештини за живеење, Граѓанска култура, Математика со размислување во одделенска настава и други предмети, преку реализација на одредени теми на часовите на одделенските раководители и преку соработка со  психолошката служба.<br>Постојат примери за интегрирање на особености на локалната средина во одреден дел на наставните програми и наставните помагала. Во одреден дел од НПП се интегрирани содржини и особености од локалната средина.<br>Училиштето е отворено за промени и подобрување на учењето преку иновирање за сите предмети од одделенска и предметна настава во однос на стандардите во оценувањето и водење на електронска документација. Од страна на БРО и МОН се организираат семинари за едукација на наставниците по одделни програми, за кои потоа  во училиштето се спроведува дисеминација.<br>Од увидот во годишните и тематски планирања  може да се види  дека наставниците ја користат својата креативност и умешност и  изработуваат нагледни средства за реализација на што квалитетна настава.   Но сепак е утврден недостаток од нагледни средства  и учебници по одделни предмети, а  тоа ќе биде и приоритет -  набавка на нови, вклучувајќи и  фотокопир и проектори, кои постојните  не ги задоволуваат потребите во целост. Сите наставници применуваат ИКТ во наставата и се успешни во реализацијата на истата и покрај тоа што во некои паралелки бројот  на ученици е голем.<br>Родителите со НПП и годишниот план за работа на училиштето се информираат преку страните на МОН и БРО, веб страната на училиштето, родителски средби, совет на родители и стручната служба на училиштето.<br><br>Во училиштето функционираат активи на одделенска и предметна настава.</td></tr>
</table>

<table>
<tr><th colspan="2">1.3. Воннаставни активности<br>Ниво на  евалуација – многу добро</th></tr>
<tr><th>Извори на податоци</th><th>Кои информации се собрани</th></tr>
<tr><td>• Разговор со директорот<br>• азговор со ученици, наставници и родители<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Програма за дополнителна и додатна настава и СУА<br>• Пофалници<br>• Годишна програма за работа<br>• Благодарници<br>• Анкета<br>• Разговор со стручна служба</td><td>Училиштето планира и во целост ги реализира вонnаставни активности кои се одраз на интересите и потребите на учениците.<br><br>Училиштето овозможува најголем број на ученици да бидат вклучени во вонnаставнна активност во зависност од нивните желби и можности не исклучувајки ги притоа учениците со посебни потреби и учениците кои потекнуваат од семејства со низок социоекономски статус или од различен етникум.<br><br>Учениците се вклучуваат во вонnаставните активности по сопствен избор и тие имаат водечка улога при изготвувањето на вонnаставните активности, а наставниците ја имаат советодавната координативна улога.<br><br>Учениците од IV и V одделение со примена на новата концепција се вклучуваат и во слободните изборни предмети по сопствен избор.<br><br>Учениците се секогаш стимулирани и поддржани од училиштето и наставниците да учествуваат на локални и државни натпревари и манифестации и со подршка од училиштето и наставниците се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално и државно ниво.<br><br>За постигнатите резултати секогаш се наградени или пофалени од наставниците и училиштето.</td></tr>
</table>

## ПОДРАЧЈЕ БРОЈ 2: ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

| |
|---|
| **Собирање на податоци (II) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, анлизи на извештаи за постигнатиот успех на учениците, набљудувања...)** |

| Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци | Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации | Кои информации се собрани? |
|---|---|---|
| Анкета за ученици | Светлана Милевска Костенцовска проф. по одделенска настава<br>Ангела Бошковска проф. по англиски јазик | Анкетирани се вкупно 20 ученика, од кои 10 машки и 10 женски. По етничка припадност сите се Македонци.<br>На прашањето **Кој вид на работа најмногу ти помага во учењето?** 50 % се изјасниле дека тоа е предавањето на наставникот, додека 25 % кога учат сами од учебник или друга прирачна литература и 25% кога им помага родителот или во друштво со другар.<br>На прашањето **Што мислат за наставата?** 55 % сметаат дека наставата е квалитетна, 20 % дека програмата е обемна и учебниците се неквалитетни, 15 % мислат дека начинот на изведување на наставата е застарен и 10 % сметаат дека наставата е преоптоварена со училишни обврски.<br>**За успехот на поедини наставни предмети** 20 % се изјасниле дека успехот зависи од самиот наставен предмет 30 % се изјасниле дека за успехот на поедини наставни предмети важна улога игра наствникот, 5 % дека зависи од самиот ученик, 30 % успехот зависи од начинот на кој се предава наставната содржина и 15 % се изјасниле дека незнаат која е причината за постигнување успех .<br>**За важноста од редовноста во наставата** 100 % од учениците мислата дека редовноста е важна.<br>На прашањето **:Треба ли оцената да биде мерило за вреднување на знаењата?** 70% се изјасниле дека оцената треба да биде мерило за вреднување на знаењата , додека 30 % од анкетираните ученици не го делат ова мислење.<br>**Како причина за својот неуспех во учењето** 15% сметаат дека не се добро прифатени од средината, 5 % имаат здравствени или други потешкотии, 60 %се изјасниле дека немаат интерес за учење и 20% сметаат дека наставниците не водат доволно грижа за учениците кои заостануваат.<br>**За да го подобрат успехот** 30 % се изјасниле дека внимателно ќе ја следат наставата и нема да изостануваат од истата и 60% дека повеќе ќе учат, 5 % ќе побарат помош од другарите и 5 % се изјасниле дека ќе побарат помош од наставниците. |
| Анкета за наставници | Светлана Милевска Костенцовска проф. по одделенска настава<br>Ангела Бошковска проф. по англиски јазик | Анкетирани се 14 наставници. На прашањето **Кој вид наставна метода ја применувате во секојдневната наставна практика?** 100 %се изјасниле активна настава ( ученикот е активно вклучен во учењето ).<br>Според мислењето на 79 % од анкетираните наставници **постигнувањето на учениците најмногу се подобрува со** соодветна мотивација , а 21 % сметаат дека постигнувањата на учениците најмногу се подобрува преку дополнителни и додатни часови.<br>На прашањето : **Дали недостигот од нагледни и материјално- технички средства се** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **одразува на квалитетот на наставата во училиштето?** 71 % се изјасниле дека се одразува во голема мера, додека 29% дека и без нив може да се изведе квалитетна настава.<br>На прашањето: **Треба ли оцената да биде мерило за вреднување на знаењата?** 64 % одговориле потврдно , додека 36% сметаат дека оцената не треба да биде мерило за вреднување на знаењата.<br>Според мислењето на на 64% од наставниците во училиштето **се применуваат педагошки мерки за подобрување на дисциплината на проблематичните ученици**, додека 36% се изјасниле дека понекогаш се применуваат педагошки мерки за подобрување на дисциплината на проблематичните ученици.<br>Сите 14 ( 100%) од анкетираните наставници сметаат дека **воспитниот аспект на образовниот процес влијае на постигнувањата на учениците.**<br>100% од од анкетираните наставници се изјасниле дека поголема соработка со родителите ќе придонесе за подобри резултати на учениците.<br>Како активности кои наставниците ќе ги преземат за изведување на поквалитетна настава и постигнување на подобри резултати се наведени:<br>➢ внесување новитети во воспитно -образовната работа;<br>➢ поголема ангажираност во натпревари;<br>➢ учество на натпревари, приредби и разни манифестации;<br>➢ реализација на нови методи и техники во наставата, организирање на еден вид натпревари помеѓу учениците во една паралелка на ниво на квиз со цел мотивирање за да постигнат подобри резултати ( ниту еден ученик да не сака да биде чекор зад другите);<br>➢ учениците ќе пробам повеќе да ги мотивирам, повеќе активности на учениците, примена на повеќе нагледни средства и поголема соработка со родителите;<br>➢ следење и имплементирање на новитетите во ВОП;<br>➢ да се обрне поголемо внимание за време на часот со децата ( практика) , а помалку да се има административни задолженија „ папирологија“. |
| Анкета за родители | Светлана Милевска Костенцовска проф. по одделенска настава<br>Ангела Бошковска проф. по англиски јазик | Анкетирани се 18 родители, 14 женски и 4 машки. По етничка припадност 16 се Македонци и двајца од испитаниците не се изјасниле за етничката припадност<br>На прашањето: **Дали сметате дека работните навики се важни за постигнувањата на учениците?** сите родители (100%) одговориле потврдно.<br>На прашањето: **Дали сметате дека воспитувањето ( домашното воспитување и воспитувањето од страна на наставниците) е важно за постигнување на подобри резултати во училиштето?** сите родители (100%) одговориле потврдно.<br>На прашањето: **Дали сметате дека оцената треба да биде мерило за вреднување на знаењата на учениците?** 44, 44 % од анкетираните родители сметаат дека оцената треба да биде мерило за знаењата, додека 55, 56 % се изјасниле дека оцената нетреба да биде |

| | | |
|---|---|---|
| | | мерило за постигнувањата на успехот.<br>61, 11 % од анкетираните родители сметаат дека училиштето има инструмент со кои ги следи постигнувањата на учениците по наставни предмети и квалификациони периоди 38, 89 % делумно се согласуваат.<br><br>77, 78 %  од испитаниците сметаат дека училиштето промовира уверување дека постигнувањата на сите ученици можат да се подобрат,22, 22 % делумно се согласуваат со ова тврдење.<br>На прашањето: Постигнувањето на учениците најмногу се подобрува преку:<br>38, 89 % од од анкетираните родители сметаат дека  постигнувањата на учениците најмногу се подобрува преку редовно реализирање на домашните задачи и обврски, 11, 11 % со реализирање на вонаставни активности<br>50%  со  соодветна мотивација и 38, 89% со реализирање на дополнителни и додатни часови.<br>50% од анкетираните родители сметаат дека најголем број на наставници од училиштето обезбедуваат поддршка во редовната настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето, додека 50 % делумно се согласуваат со ова.<br><br>Како предлог даден од родителите за подобрување на наставниот процес во училиштето и за подобрување на постигнувањата на учениците се:<br><br>➢ Да има дополнителни часови, поголема соработка помеѓу родителите и наставниците, мотивирање на учениците преку натпревари за знаење и ако се идентификуваат талентирани ученици да се подржат во понатамошниот развој и успех.<br>➢ Сите ученици да се гледаат подеднакво ( на исто ниво)<br>➢ Подобрување на условите во училиштето и дополнителна настава.<br>➢ Поголема дисциплина и соработка на родителите со наставниците.<br>➢ преку проектни активности, учење во природа, запознавање лично со културите, знаменитости, традиција во нашата држава со цел поинтересно и полесно учење.<br>➢ Наставникот да биде построг во предавањето, да дава повеќе домашни задолженија, да има додатни часови и дополнителни активности со цел учениците да бидат мотивирани.<br>➢ Доколку наставникот утврди потешкотии кај учениците за совладување на материјалот ( посебно кај предметите македонски јазик и математика) , треба повеќе да се задржи на изучување на дадената тема. |

| | | |
|---|---|---|
| | | ➢ Наставниците да  веруваат во своите ученици, како што родителите им веруваат на наставниците кога ги праќаат учениците на училиште, некои ученици подобро одговараат на тест, некои усно, но постигнувањата на учениците е и достигнување и мерило на наставникот.<br>➢ Дополнителни активности и учество на натпревари.<br>➢ Многу повеќе посветеност на наставниците кон учениците и обратно, повеќе активности од наставниците кон учениците како натпревари и сл. |

**Анализа на резултатите:**

При реализација на проектот Самоевалуација на училиштето дојдовме до следните резултати и согледувања:

- За подобрување на постигнувањата на учениците наставниците во нашето училиште преку работата на стручните активи имаат заземено заеднички став дека најдобар начин за подобрување на постигнувањата на учениците е соодветната мотивација и стимулација, коректен однос наставник-ученик и соработка со родителите.
- Постигнувањата на учениците на крајот од петто и крајот на девето одделение по предмети, пол и етничка припадност се добри, но треба да се вложат заеднички напори од страна на наставниците и учениците за тие да станат уште подобри.
- Се водат статистички истражувања за постигнувањата на учениците, каде се следи и постигнувањата на учениците по наставни предмети, се следат постигнувањата според пол и според истражувањата женските покажале подобар успех од машките.
- Напредувањето и постигнувањето на учениците кои имале потешкотии во учењето и остварувањето на наставните цели се следи преку вклучување и исклучување во дополнителна настава и во соработка со педагошко-психолошка служба.
- Осипувањето и повторувањето на учениците е сосема незначително. Училиштето успешно го остварува образовниот процес наставните и вонаставните активности и покрај големиот недостаток на материјални и финансиски средства.
- Наставниот кадар е доволно стручно оспособен за да им даде подршка и мотивација на учениците да ги подобрат своите резултати, користејќи различни стратегии, методи и форми на работа.

**ПОДРАЧЈЕ БРОЈ 3: УЧЕЊЕ И НАСТАВА**

| Собирање на податоци ( Кои податоци се собрани, кои методи се користени ).<br>Обработка на документи | |
|---|---|
| Наведете ги сите документи кои се прегледани | Кои информации се собрани? |
| 3.1**. Планирања на наставниците**:<br><br>-Подршка и следење на планирањата на наставниците<br>-Индивидуални планирања<br>-Размена на искуства и информации при планирање<br>-Распоред на часови<br>- Записници од одделенски актив<br>Записници од состаноците на стручните активи<br>Практични часови<br>Годишни планирања на наставниците;<br>Истакнат распоред на часови;<br>Обрасци за реализирани часови за додатна настава и дополнителна настав | За реализација на наставните планови и програми предвидени од МОН и БРО, наставниците редовно подготвуваат, најпрво глобални годишни планирања, а потоа и тематски ( процесни ) планирања месец по месец, неделни ( во одделенската настава ) и дневни подготовки,како и домашните задачи кои се планирани за ефективно користење на времето на наставниците и учениците.<br>За реализација на наставните планови и програми, наставниците изработуваат дневни оперативни планови. Дневните оперативни планови континуирано се следат од страна на педагошко - психолошката служба и директорот на училиштето. Дневните оперативни планови содржат неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот, а во нив делумно е застапен диференциран пристап и тежински нивоа.<br>Наставниците имаат предвидено часови со примена на ИКТ во наставата и тие часови ги реализираат (30% од часовите). Во учебните 2019/20 и 2020/21 година примената на ИКТ во наставата значително е зголемена заради реализација на настава на далечина и онлајн настава. Наставниците изготвуваат планирања за Час на одделенската заедница, додатна настава, дополнителна настава, како и за воннаставни активности.<br>За комплетната реализација на наставната програма наставниците меѓусебно се консултираат и разговараат, споредуваат и разменуваат свои искуства од своите планирања и од семинарите и обуките на кои присуствуваат. Консултации во училиштето се прават на ниво на стручни активи како и меѓу тимовите кои постојат, а се формирани со потребите и стандардите кои се внесуваат со новините во наствата и образованието,преку примената на ИКТ,регионална соработка со други училишта. Дел од консултациите се прават и со директорот кој посредува при преносот на информациите од релевнтните институции за училиштето,како и со педагошката служба<br>Дел од наставниците, односно наставниците кои предаваат од I – V одд. планираат корелација меѓу содржини и наставни предмети.<br>Распоредот на часови го прави стручната служба во соработка со нставниците. Распоредот на часови е истакнат на огласна табла во наставничка канцеларија, во холот на училиштето и кај директорот на училиштето, а во печатена и електронска форма се наоѓа кај стручната служба. Исто така, распоредот на часови е објавен на училишната веб страна. Во распоредот на часови се внесени часови за додатна и дополнителна настава<br><br>Целата оваа документација се прегледува од директорот кој редовно ги следи планирањата.<br>Концепцијата на одделенската настава овозможува ( и се применува) интегративен пристап на |

| | |
|---|---|
| | содржините, Наставниците планираат во рамките на стручните активи и разменуваат искуства и идеи за планирање ,интернет веб страници,примена на ИКТ,регионална соработка со други училишта ( МИО). Наставниците од одделенска и предметна настава планираат во рамките на стручните активи практични часови и разменуваат искуства |
| 3.2**. Наставен процес:**<br><br>-Наставни форми и методи<br>-Употреба на ИКТ во наставата<br>-Избор на задачи ,активности и ресурси<br>-Интеракцијамеѓу наставници и ученици<br>-Приод на наставникот кон ученикот<br>-Следење на наставниот процес<br>- Паноа во училницата и во училиштето<br>анкета на учениците<br>анкета на наставниците<br>анкети на родителите<br>програмата за работа и извештаите на ученичкиот парламент | Следењето на наставниот процес се врши континуирано од страна на педагошко-психолошката служба и директорот на училиштето. Училиштето постојано ја следи работата на наставниците преку: постигнатиот успех на учениците во наставата и на натпреварите, одржување редовна настава, реализација на вонннаставни активности, посета на часови, начин на водење на педагошка документација и учество на наставниците во работата на стручните органи. Резултатите од ваквото следење се користат во планирањето на професионалниот развој на наставниците. Директорот и педагошко-психолошката служба два пати во учебната година вршат посети и набљудување на наставни часови кај одделенските наставници и предметните наставници. Работата на наставниците – приправници во текот на приправничкиот стаж континуирано се следи од страна на нивните ментори, стручната служба и директорот.<br><br>Наставниците користат разни наставни методи од фронталната, индивидуалната, до групна работа, како и практични изведбени активности. Ги користат техниките за активно учење кои можат да се разликуваат во секој предмет согласно истиот што изучува. Техниките за учење се применуваат со цел учениците да ја смената својата пасивна улога и наместо тоа да добијата активна улога, а со тоа и можност да се оценуваат не само за наученото, туку и за учењето како дел од наставниот процес. При изведувањето на активна настава проблем се јавува кај учениците се послаб успех кај кои интересот не се менува секогаш пропорционално со активностите предвидени со новите начини на подучување и учење.<br><br>Во сите училници има функционално мрежно поврзани компјутери, лап топи и смарт табла.Најголем број од наставници се обучени за употребата на ИКТ во образовниот систем. Поради настанатата пандемија од месец март 2020 до јуни 2020 година (за сите ученици) и во учебната 2020/21 година за учениците од 4-то до 9-то одделение и за некои ученици од 1-во до 3-то одделение беше организирана настава на далечина и онлајн настава со примена на информатичко-комуникациска технологија, односно беа користени платформите Google Drive и Microsoft Teams.<br>Во наставата е застапена интеракција наставник-ученик, ученикнаставник и ученик-ученик. Наставниците користат различни методи на интеракција со учениците што се во насока на промовирање на учењето и градење меѓусебна доверба<br>Наставниците редовно ги споделуваат целите на настават со учениците и очекуваните исходи од учењето.<br>Сите наставници се однесуваат на начин што промовира заемно почитување,помош,сосработка и разбирање.Не прават разлика меѓу учениците споредпол,социјално потекло,етничка и религиска припадност. |

| | |
|---|---|
| | Во наставниот процес наставниците ги користат ресурсите на училиштето, малата библиотека и скромниот број на нагледни средства по различни предмети, но реализираат посети на настани од културата ( кино, театар, балет ), посета на институции ( аеродром, метеоролошка станица, планетариум, посета на општината и градоначалникот ), со цел учењето за одредени наставни содржини да добие практичност и нагледност.<br>За тоа како се работи, односно како се одвива наставниот процес, увид има директорот со посета на часовите за што прави анализа по одредени стандарди.<br>Училиштето води сметка за образовните потреби на наставниците само во поглед на посета на семинари и обуки од различни области кои ги организираат релевантни институции.<br>Средината за учење многу влијае врз когнитивниот, социјалниот, емотивниот и физичкиот развој на детето. Со создавење една физички, психички и социјално безбедна и стимулативна средина која нуди разновидни материјали, задачи и ситуации, соодветни на развојното ниво, наставникот го поддржува учењето на детето преку индивидуално и групно истражување, игра, користење на разни ресурси и интеракција со други деца и возрасни.<br>Наставникот создава физички, психички и социјално безбедна и стимулативна средина која нуди разновидни материјали, задачи и ситуации, соодветни на развојното ниво, наставникот го поддржува учењето на детето преку индивидуално и групно истражување, игра, користење на разни ресурси и интеракција со други деца и возрасни. Првото нешто кое паѓа на памет кога ќе се рече „средина за учење“ е физичката околина. Но, во рамките на овој принцип, фокусот е на развивање на социјално-емоционалните услови во кои детето може да напредува, притоа имајќи предвид дека физичката, психичката и социјалната средина честопати се преклопуваат и си влијаат една на друга. Училишната средина треба да ги почитува повеќе слојните идентитети на децата. Тоа што детето доаѓа од определена етничка група или има некаков недостаток, не значи дека единственото нешто што го дефинира во училишната средина треба да е неговата етничка припадност или недостаток. Децата припаѓаат во повеќе различни групи и се уникатни човечки суштества. Еден од начините да се адресираат повеќе слојните идентитети на децата да се уважат нивните интереси, да им се дадат повеќе можности да зборуваат за нивните интереси и за нивните претходни искуства. Наставникот игра важна улога во создавањето атмосфера за учење.<br>Кога наставникот води сметка секое дете да се чувствува добредојдено, тој праќа порака дека ја почитува секоја единка, дека секое дете и семејство е важен дел од училишната заедница и дека секое дете има можност да ги користи заедничкиот училишен простор ресурси и да учествува во нивното одржување. Преку обезедувањето сигурна средина за учење и со одговарање на специфичните потреби за учење на децата, наставникот ги охрабрува да работат и индивидуално и заеднички, да се вклучуваат во различни видови активности и да преземаат ризици во учењето. Важни компоненти на една стимулативна средина за учење се областите и ресурсите надвор од училиштето.<br>Најважната задача на наставникот е активно да ги слуша и да ужива со децата. Повторно, важно е наставниците да им обрнуваат внимание на децата кога тие им зборуваат, да ја охрабрат нивната спонтаност и да им дозволат да се доискажат без да ги прекинуваат. Ова ја поттикнува детската самосвест и капацитетот за креативно мислење, бидејќи детето доживува дека е |

| | |
|---|---|
| | прифатено, сигурно и поддржано во неговите истражувања, игри и изразување на себе си. Ако наставниците ги поправаат и пребрзо донесуваат заклучоци за тоа што децата сакаат да кажат, децата нема да се чувствуваат спремни да се изразат себе си.<br>Наставниците треба, исто така, да ги охрабрат децата да поставуваат прашања едни на други и на возрасните, како форма на изразување.<br>Многу е важно училницата да има топла атмосфера налик на домот на детето, за да ја осигура неговата благосостојба и да ја стимулира неговата иницијатива, самостојност и внатрешна мотивација. Клуч за остварување на емотивно безбедна и здрава средина која ја негува благосостојбата на детето е наставникот кој го поддржува и охрабрува детето и ја стимулира активноста наместо да ја спречува. За да постигнат високи и квалитетни резултати и да развијат љубов кон учењето, на децата им е потребно да се чувствуваат прифатени и слободни да се изразат без страв дека ќе бидат отфрлени или исмеани.<br>Претставникот на ученичкиот парламент редовно ги информира учениците за текот,работата и превземените активности од страна на истото. |
| 3.3. **Искуства на учениците од учењето:**<br><br>-средина за учење<br>-атмосфера за учење<br>-поттикнување на учениците за преземање одговрност<br>-интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето. | Учениците ги доживуваат училниците и другите простории како стимулирачка и мотивирачка средина за учење.Трудовите се изложуваат на види места во холот .Во холовите и во секоја училница има естетски у Училиштето ги стимулира и мотивира учениците со различни стилови на учење и преку: - вклучување во слободни ученички активности, дополнителна и додатна настава; - јавни признанија (пофалници, дипломи и награди); - вреднување и истакнување на ученичките трудови; - повремена материјална помош на ученици од социјално – загрозени семејства( како и децата сместени во интернатот во нашето училиште).редени катчиња во чие уредување учествуваат учениците под менторство на нивните наставници.<br>Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и поврзан со секојдневието.За време на часот најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да размислуваат,да постават прашања,да изведат заклучоци.<br>Учениците сметаат дека имаат можност да го искажат своето мислење и тоа да биде серипозно земено предвид за решавање на проблеми и одлучување.<br>Учениците сметаат дека училиштето потикнува и мотивира комуникација и соработка меѓу учениците и возрасните во училиштето. |

| | |
|---|---|
| 3.4**. Задоволување на потребите на учениците**<br>-идентификување на образовните потреби на учениците<br>-почитување на различни потреби на учениците во наставата | Во училиштето се изложуваат ученички трудови кои подеднакво ги застапуваат учениците од двата пола без оглед на етничката и социјална разлика, реално и во зависност од нивната способност.<br>Наставниот кадар и стручната служба систематски ги идентификуваат образовните потреби на учениците Образовните потреби на учениците се идентификуваат преку: - активност на час; - постигнати резултати од учењето; - проектни задачи; - интерес на одредени ученици за определени области; - анкети; - активности во Детската организација и во Ученичкиот парламент; - разговори со ученици, родители и наставници. Во училиштето има ученици со попреченост во развојот и со физизчки хендикепт, а за нив има лекарска потврда со категоризација на попреченоста и со мислење од стручен тим. За тие ученици наставниците изготвуваат индивидуални образовни планови (ИОП) во соработка со дефектологот, педагошко – психолошката служба, како пречки во процесот на секој ученик и преземаат активности за нивно. Училиштето претставува здрава, чиста и безбедна средина која овозможува задоволување на потребите на учениците за учење, работа и дружењосварување,т.е.отстранување.И во оценувањето користат различни техники за да ги мотивираат учениците и да го постигнат максумумот. |
| **3.5 Оценување како дел од наставата**<br>-училишна политика за оценување<br>-методи и форми на оценување<br>-користење на информации од оценувањето во наставата | Во училиштето се применуваат законските прописи што го регулираат оценувањето. Оценувањето на учениците е описно (I–III одд.), описно и бројчано (IV–VI одд.) и бројчано (VII–IX одд.). Оценувањата се според способностите на учениците следејќи ги нивните активности,усно изразување и писмено изразување.И учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување,меѓусебно оценување,портфолио.Сите наставници им даваат повртана информација за нивните постигања,напредок,ги вреднуваат нивните постигања,ги истакнуваат на одделенски и наставнички совет,укажуваат и на оние кои имаат потешкотии. Се истакнуваат и пофалуваат одредени ученици . Контролните задачи и писмените работи се изработени според стандардите и критериумите за постигањата на учениците. Изготвени се од самите наставници и повеќето од нив се со формативно оценување, со пишани повратни информации. За да се направи разлика во оценувањето на ученици со различни способности, некои наставници подготвуваат и применуваат тестови со диференциран пристап |

| | |
|---|---|
| **3.6.Известување за напредокот на учениците**<br>-известување на родителите за напредокот на учениците | Родителите се известени за напредокот на нивните деца и доследно го применуваат.Редовно се прибираат информации за постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна информација на родителите за оценката ,вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата на секој ученик посебно.За таа цел се користат формални и неформални средби со родители. На крајот на првото и третото тримесечие, првото полугодие одделенските раководители и раководителите на паралелите изготвуваат евидентни листови со информации за успехот и поведението на учениците од I до IX одделение. Од родителите се бара да дадат повратни информации, по што се преземаат соодветни активности за Родителите секогаш навремено се известуваат за напредокот и поведението на учениците преку: - Приемен ден за индивидуален разговор на родителите со наставниците; - Родителски отворени средби (отворен ден) на училиштето за известување на родителите за напредокот на нивните деца со детални препораки за подобрување на постигањата (2 – 4 пати во годината) до месец март, 2020 година; - Општи родителски средби (5 задолжителни и по потреба) реализирани со физичко присуство и онлајн; - евидентни листови за успехот со опис на постигањата на учениците (издадено од МОН); - информации преку е-маил или СМС од Е - дневник;одобрување на успехот и постигањата на учениците. Родителските средби се одвиваат онлајн преку апликацијата Microsoft Teams. Стручната служба преку инструктивни разговори со наставниците, поддршка на учениците и советодавни разговори со родителите влијае со препораки за подобрување на успехот кај учениците кои имаат потешкотии во учењето и постигнуваат послаб успех. |

| Собирање на податоци (Кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр.прашалници, анкети, набљудувања...))<br>Обработка на документи | | |
|---|---|---|
| Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци | Учество: кој беше вклучен во собирање на овие информации? | Кои информации се собрани? |
| Интервју со директорот | Силвана Терзиева<br><br>Елене Рајевска<br>Сашо Јанчиќ<br>Билјана Маневска<br>Весна Стојковска | Годишните, тематските и дневните планирања-сите во електронска верзија се во целост доставени и прегледани. Истите се изработени според стандардите за планирање и во целост ја содржат наставната програма предвидена од МОН и БРО.<br>За правилна изработка на своите краткорочни и долгорочни планови, наставниците посетуваат семинари и обуки, а извесни информации кои стигнуваат во писмена форма навремено се пренесуваат со цел и нивната имплементација да биде навремена.<br>Соодветните планирања водат и кон поуспешна реализација на часовите која нема да се заснова на импровизација, туку на правилен распоред на содржини и активности. |

| | | |
|---|---|---|
| Часови посетени од активот | Силвана Терзиева,психолог<br>Анета Стојкова<br><br>Елена Рајевсја<br>Сашо Јанчиќ<br>Биљана Маневска<br>Веса Стојковска | На часовите кои се подготвуваат како отворени во рамки на програмите на стручните активи се согледува дека се користат различни форми на активна настава, како и дека има проблем со учениците кои покажуваат послаб успех и кој во најголем дел незаинтересирано делуваат на часовите;<br>-машките и женските ученици подеднакво се вклучуваат во дискусиите и подеднакво се користат при користење на ресурсите;<br>-машките и женските ученици, учениците од различно социјално и етничко потекло подеднакво се третираат, како и учениците со различни стилови на учење кои добиваат мотивација на адекватен начин;<br>-во учлниците се изложуваат трудови од двата пола. |
| Анкета за  ученици | Елена Рајевска<br>Весна Стојковска<br>Сашо Јанчиќ<br>Биљана Маневска | На прашањето Училницата ја доживуваш како стимулирачка и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење 83% од учениците се изјаснале позитивно, 16 % делумно се согласуваат а само 4% не се согласуваат..<br><br>91% од учениците сметаат дека изработените трудови од страна на учениците се изложуваат на видно и соодветно место во училница или во училиштето, а делумно  се согласуваат 8%.<br><br>80% мислат дека во училиштето се учат работи кои се применливи и корисни во секојдневниот живот, 20% делумно.<br><br>62% се сложуваат дека најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат , да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат, 37% делумно, а 16% не се согласувааат.<br><br>На прашањето дали при решавањето на проблеми и одлучување секогаш наставникот го зема во предвид мислењето на учениците, 58% сметаат дека е така, 33% делумно се согласуваат, а 8% не се согласуваат.<br><br>70% се согласуваат дека учениците и наставниците заеднички работат на различни проекти во и надвор од училиштето, 29% делумно се согласуваат.<br><br>62% мислат дека голем дел од активностите во училиштето ги сметаш за интересни и пријатни, 29% делумно се согласуваат а 8% не се соглаасуваат.<br>Кога се работу за задоволување на потребите на учениците 83% сметаат дека наставникот навремено презема мерки за учениците кои имаат пречки во учењето а 16% делумно сее согласуваат.<br>9% од анкетираните сметаат дека наставниците имаат посебен начин на работа кај учениците со ПОП и потешкотии а 20% делумно се согласуваат.<br>Дека наставникот советува за посета на дополнителна настава се согласуваат |

| | | |
|---|---|---|
| | | 87% додека пак 12% делумно мислат дека ттоа е така.<br>46% целосно се согласуваат дека наставникот има интересен начин на пренесуваање на знаења додека пак 54 % делумно се согласуваат.<br>Од анкетираните 62% сметаат дека во целост наставникот нуди можност за додатна настава за надарени и талентирани деца ,33% делумно додека 4% не се согласуваат.<br>Дека наставникот поттикнува талентирани ученици ии им нуди дополнителна литература во целост сметаат 70 % ,25 % делумно а само 4% не се согласуваат со оваа теза. |
| Анкета за наставници<br><br>Индивидуални планирања на наставата | Елена Рајевска<br>Весна Стојковска<br>Сашо Јанчиќ<br>Билјана Маневска | На прашањето во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот, стручната служба и/или лица назначени од стручните органи 90% од наставниците одговориле позитивно,а 10 % делумно.<br><br>50%од наставниите се согласуваат дека училиштето им обезбедува поддршка за вградување на целите од интегрираното образование и еколошките содржини во планирањата, а 50% делумно се согласуваат.<br><br>90% сметаат дека училиштето остварува соработка со ресурсните центри и други релевантни институции и обезбедува поддршка за изработка на ИОП, додека 10% делумно се согласуваат.<br><br>67% од наставниците целосно се согласуваат дека најмалку двапати во едно полугодие се следат нивните планирања од директорот или од стручната служба, а 25% делумно се согласуваат, а 8% не се согласуваат.<br><br>На прашањето дали сите наставници ја планираат редовната, додатната и дополнителната настава, како и воннаставните активности, 100% од наставниците одговориле позитивно и ги навеле годишните, тематските планови , оперативните планови за час и програмата за работа на активи.<br>80% целосно се согласуваат дека целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањата, а наставничкиот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги детектира потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето, 20% делумно се согласуваат.<br><br>80% целосно се согласуваат дека активностите на наставниците и учениците се планирани ефективно да се користи времето на часот за постигање на очекуваните резултати, 20% делумно се согласуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| Оценување како дел од наставата | | 40% од наставниците планираат во рамките на стручните активи, користат дигитални содржини, преку соработка со други училишта, консултираат експерти, користат меѓународни искуства, 40%делумно, 20% не се согласуваат.<br><br>90% целосно се согласуваат дека распоредот е изработен согласно наставниот план и во најдобар интерес на детето, 10% делумно се согласуваат.<br><br>80% целосно се согласуваат дека училиштето навреме изработува распоред за дополнителна, додатна настава и слободни часови/проектни активности и тој се реализира по предвидената динамика, 20% делумно се согласуваат.<br>Дека училиштето има кодекс за оценување и го подржува ученикот во учењето целосно се согласуваат 80%,додека 20% сметаат дека тоа делумно е остварено.<br>Во однос на метдите и инструментите кои во континуитет го следат напредокот 80% се изјасниле во целост,а 20% делумно.<br>Според тоа дали децата со ПОП се оценуваат според ИОП 60% се изјасниле во целост дека се согласуваат додека 40% делумно оценуваат според ИОП.<br>90% од наставниците редовно даваат повратна информација за постигањата додека 10% делумно.<br>90% од наставниците сметаат дека следењето им помага за планирање на наставата а 10% делумно се согласуваат. |
| Анкета за родители<br><br>Оценувањето како дел од наставата<br><br>Известување за напредокот на учениците | Елена Рајевска<br>Весна Стојковска<br>Сашо Јанчиќ<br>Билјана Маневска | Во однос на тоа дали училиштето има дефинирана политика за оценување и подршка на учениците 55% од анкетираните се согласуваат во целост,22% делумно и 22% не се согласуваат.<br>Дека училиштето има усогласени критериуми со кои се запознаени и родителите сметат 55% во целост,22% делумно и 22% од родителите не се запознаени.<br>За користење соодветни меркии инструменти во оценувањето се изјасниле 33% во целост и 66 % делумно.<br>66% од анкетираните сметаат дека наставникот дава конкретни информации за постигнувањата и препораки за иднин додека 33% делумно се согласуваат со оваа теза.<br>77% од родителите сметаат дека училиштето има утврден систем за известување за постигањата додека 22% делумно се согласуваат.<br>Дека наставникот редовно и транспарентно го информира родителот се зјасниле 77%,додека 22% делумно.<br>Наставниците се редовно достапни во целост сметаат 88%,додека 11% делумно.<br>66% сметаат дека родителските средби во целост се добро организирани а 33 делумно.<br>Дека класнот раководдител ги информира редовно се изјасниле позитивно 77%,22% сметаат дека тоа делумно е остварено. |

| | | |
|---|---|---|
| | | За користењето на е-дневникот 33% се изјасниле позитивно,33 % делумно а 33% воопшто не го користат е-дневникот |

| **Анализа на резултатите: овде дадена подетална евалуација на подрачјето настава и учење** |
|---|
| Во нашето училиште има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот, стручната служба и стручните активи.<br>Утврдено е дека сите наставници имаа подготвени годишни, тематски процесни планирања што ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Наставниците уредно и редовно водеа подготовки за наставен час во текот на учебната година. Планирањата на наставниците содржеа јасни насоки што се очекува од учениците да научат т.е. кои се очекуваните исходи од учењето. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување беа јасно утврдени во планирањето, а наставниците ги користеа информациите од оценувањето за да ги идентификуваат потребите на учениците и ги планираа следните чекори во учењето. Сите активности, вклучувајќи ги и домашните задачи, беа испланирани за ефективно да се искористи времето на учениците. Наставниците планираа во рамките на стручните активи и разменуваа искуства и идеи за планирање, интернет веб страници, примена на ИКТ, регионална соработка со други училишта ( МИО ). Наставниците планираа во рамките на стручните активи практични часови и разменуваа искуства. Исто така, наставниците користеа интерактивна настава и при тоа доаѓаа и до информацијата за совладување на наставниот материјал од страна на учениците. Стручната служба во соработка со наставниците го креираше распоредот по кој се изведуваше наставата во тековната година. При тоа се почитуваше интересот на учениците и просторните услови во училиштето.<br>Наставниците планираа и користеа разни наставни форми, методи и техники со кои го збогатуваа наставниот час. Со тоа успешно ги развиваа индвидуалните способности на учениците, нивните вештини, комуникација, креативност, го развиваа критичкото и творечкото мислење и беа вклучени во новите иновации. Училишните и домашните задачи однапед беа испланирани и поврзани со програмата. на различно ниво зависно од индивидуалните способности и потреби на учениците. Со цел да се подобри наставниот процес, наставниците се посетуваа и беа следени од директорот, стручната служба или од колегите од стручниот актив и при тоа се разменуваа искуства.<br>Во нашето училиште наставникот создава физичка, психичка и социјално безбедна и стимулативна средина која нуди разновидни материјали, задачи и ситуации, соодветни на развојното ниво. Тој го поддржува учењето на детето преку индивидуално и групно истражување, игра, користење на разни ресурси и интеракција со други деца и возрасни. Наставникот не секогаш создава пријатна атмосфера за учење. Тој се труди да им посвети внимание на сите ученици, ја охрабрува нивната спонтаност и им дозволува да се доискажат без да бидат прекинувани. Учениците во нашето училиште ги дефинираат правилата на однесување и се поттикнувани да ја превземат одговорноста. Наставникот остварува пријателски однос со децата и се однесува спрема нив со почит, што придонесува за развојот на изградбата на сопствениот идентитет кај секое дете и за учењето.<br>Наставниот кадар и стручната служба систематски ги идентификуваа образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење преку редовните систематски прегледи, стоматолошките прегледи, преку советодавните разговори со родителите и во соработка со Заводот за ментално здравје. Активностите кои се превземаа се соодветни за потребите на учениците: се изработуваа посебни индивидуализирани образовни програми за индивидуална работа со овие ученици, учениците се вклучуваа во дополнителната настава по сите предмети, соработка со стручни лица . Во оценувањето наставниците користеа |

| |
|---|
| разни техники и инструменти за оценување, следејќи го напредокот на учениците со формативното оценување, со што ги мотивираа учениците да учат и да го постигнат својот максимум кој е оценет преку сумативното оценување. Учениците беа задоволни од оценувањето на наставниците кои ги почитуваат различните потреби на учениците во наставата. Особено се води грижа и за социјално загрозените ученици во текот на целата година,како од страна на учениците така и од страна на наставниците.Се дава помош и посета на стари и изнемоштени лица во населеното место преку целата година од страна на учениците и наставниците.Во двата случаја се помага со донација на облека,хигиенски сретства,храна,обувки и сл.<br>Во нашето училиште се применуваа законските прописи за оценување на учениците. Училиштето има дефинирана политика за оценувањето, како и донесено и кодекс на оценување со цел да се поддржи учењето на секој ученик. Исто така, учениците и родителите јавно на видно место беа информирани за оценувањето преку критериумите за оценување. За оценувањето да биде објективно, реално и применливо, секој наставник ги планираше стандардите за оценување, како и критериумите за нивото на знаењата на учениците по дадената оценка. Инструментите кои при тоа ги користеа, ги опфаќаа следните начини на мерење на знаењата на учениците: следење и набљудување на активноста на учениците на часовите, изработката на постигнувањата на тестовите, контролните, писмените и индивидуалните изработки, учеството во работа на проекти и натпревари. Учениците исто така беа вклучени во оценувањето преку самооценување, меѓусебно оценување, водење портфолија, градење критериуми со цел да ги подобрат постигањата. Наставниците оценуваа формативно и сумативно преку различни методи на оценување. Тие редовно им даваа повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираа со нив за нивниот напредок и постигањата со цел идентификување на идните активности што ќе се применуваат во учењето.<br>Прибирањето на информации околу напредокот на учениците функционираше беспрекорно со користење на формални и неформални средби со родителите, групни и индивидуални средби со родителите, јасно пренесување на секоја информација, пишани извештаи со информации, пишани извештаи за секој предмет поединечно, информации за личен и социјален развој, како и барање повратна информација од страна на родителот.Исто така родителите беа информирани за учество во натпревари за учениците од прво до девето одделение,за награди,дипломи и пофалници што се добиваат во натпреварите.Им се делеа и анкети со прашања индивидуално и самостојно одговарање во врска со настават и учењето во нашето училиште. Анкети беа поделени и на наставаниците,родителите и учениците подготвени од тимот,за наставата и учењето во нашето училиште. |

## ПОДРАЧЈЕ БРОЈ 4: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

| **Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).<br>Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| Дневници | Во дневниците се води евиденција за напредокот и постигнувањата на уцениците, нивната редовност, поведението како и нивниот развој во образовниот процес во училиштето. Дневниците се достапни за целокупниот наставен кадар и според запишаните постигнати резултати во истите, секој наставник се обидува да ја подобри наставата, и да даде насоки во кои одредени ученици треба да ги подобрат своите постигнувања, и каде би требало да вложат повеќе труд. Исто така во дневниците се води и евиденција за одржаните родителски средби на кои родителите се информираат за севкупната помош која можат да ја добијат нивните деца од наставниците и од училиштето како образовна институција. |

| | |
|---|---|
| Наоди од класните раководители за здравјето на учениците | Според досега добиените наоди, за здравјето на децата од соодветните служби, кои во училиштето ги донеле самите родители, има вкупно 1 ученик со посебни потреби. |
| Записници од наставнички и одделенски совети, како и од родителски средби | Од овие записници се добиени информации за бројната состојба на учениците на крајот од првото тромесечие, и нивната полова и верска припадност. Според податоците од записниците, во училиштето има вкупно 115 ученици, од кои 58 машки и 57 женски. Исто така од овие состаноци може да се уочат и постигнатите резултати на учениците, нивното поведение и да се следи нивниот развој во воспитно образовниот процес во училиштето.<br>За учениците кои преминуваат во друго училиште се доставува преведница, а истата се добива и кога друг ученик се запишува во во училиштето. Во случај на недостаток на одредени информации за ученикот, или кога постои основано сомневање за недостаток во психичкиот или физички развој, а за истото не постои никаков документ, потребните информации се добиваат од службите во училиштето од кое ученикот доаѓа или од центарот за социјални грижи. |
| Полиси за осигурување | Според информациите добиени од класните раководители, оваа учебна година само одреден број ученици користат полиса за осигурување. |
| Извештаи за систематски прегледи | Здравствената состојба на учениците се контролира со редовни систематски прегледи и вакцинирање на сите ученици кои се запишани во училиштето. За физичкото здравје на учениците се грижи и одговорниот наставник по физичко и здравствено образование, ниту има регистрирани ученици кои се физички или ментално малтретирани |

| Собирање на податоци и кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| Анкета за ученици | Игор Бошковски<br>Иванка Тодорова Милошевска | Со оваа анкета беа опфатени вкупно 25 ученици и тоа 12 машки и 13 женски.<br>Од собраните податоци може да се заклучи дека најголемиот дел од учениците се сметаат за насочени од страна на наставниците за изборот на понатамошното образование.<br>Кај поголемиот дел од анкетираните ученици при изборот на нивното школување или идна професија најголемо влијание имаат нивните родители како и нивните наставници.<br>Од анкетата за ученици добивме и информации за потребата и мислењето на учениците, во колкава мера е подобрена комуникацијата, развојот и нивниот напредок од постоењето во училиштето на психолошката служба.<br>Сите ученици едногласно се сложија дека постоењето на ваква служба е корисна за сите особено за оние ученици со лесно ментално попречување, ученици со недостаток на родителска и друг вид грижа. |

| | | |
|---|---|---|
| Анкета за наставници | Игор Бошковски<br>Иванка Тодорова Милошевска | Анкетирани се вкупно 20 наставници од кои според етничката припадност сите се Македонци.<br>Наставниците се согласуваат дека за успехот на учениците се води соодветна евиденција и истата секогаш им е достапна. Понатаму оваа евиденција им служи за прилагодување на воспитно-образовниот процес според потребите и интересите на учениците. Од анализата на податоците од спроведената анкета за наставници може да се заклучи дека 100% од анкетираните ја потврдуваат потребата од постоењето на стручна служба во училиштето. Наставниците образложуваат дека целокупниот воспитен и образовен процес значително е олеснет и развиен со постоење на психолошката служба. До сега во ова училиште според испитаните, оваа дејност ја вршеле наставниците, воспитувачите и директорот.<br>Исто така од анкетата може да се уочи и потребата од што поголем број стручни предавање од областа на заразни болести, зависности како и други прашања кои предизвикуваат дилеми кај учениците. |
| Интревју со директор | Иванка Тодорова Милошевска | Од спроведеното интервју со директорот на училиштето може да се заклучи дека постоењето на психолошката служба во училиштето придонесува за континуиран значителен напредок за целокупниот воспитно-образовен процес. Справувањето со конфликтните ситуации со проблематични и учениците со пречки во развојот е значително олеснето.<br>Соработката помеѓу училиштето и родителите е на високо ниво. На секој родител му се достапни сите информации во врска со успехот, поведението и напредокот на учениците. Наставниот кадар води соодветна педагошка евиденција и ги информира родителите на родителските и индивидуални средби. |

**Анализа на резултатите:**
***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје***

Според досега приложените податоци може да се заклучи дека училиштето води грижа за учениците, посебно за нивните емоционални, физички и социјални потреби. Повеќето од учениците сметаат дека имаат кому да му се обратат во случаи кога им е потребна помош, или совет за одреден проблем. Учениците се чувствуваат безбедни и заштитени во училиштето, што значи дека активностите кои училиштето ги користи за обезбедување на грижата, благосостојбата и заштитата на сите ученици е соодветна на нивните потреби. Здравствената состојба на учениците се контролира со редовни систематски прегледи и вакцинации на сите учени ци кои се запишани во училиштето. Училиштето води грижа и за соочувањето на учениците со конфликтните ситуации на кои наидуваат, односно се анализираат стратегиите кои учениците имаат тенденција да ги користат во овие ситуации. Се прават тестови за професионална ориентација за секој ученик посебно, се разговара за понатамошното образование. Во училиштето се води евиденција за напредокот, редовноста, поведението и развојот на учениците и истата им е достапна и на наставниците, и на родителите и на самите ученици. Воедно оваа евиденција им користи на наставниците за прилагодување на наставата за оние ученици со посебни потреби. При преминувањето на ученик во друго училиште се доставува преведница но исто така се доставуваат и други податоци за ученикот доколку има таква потреба.

## ПОДРАЧЈЕ БРОЈ 5: УЧИЛИШНА КЛИМА

<table>
<tr><td colspan="2">Собирање на податоци: 1 (Кои податоци се собрани?)<br>Обработка на документи</td></tr>
<tr><td>Наведете ги сите доументи кои се прегледани</td><td>Кои информации се собрани?<br>Оддел 5.1. Училишна клима и односи во училиштето</td></tr>
<tr><td></td><td></td></tr>
<tr><td>• Годишен извештај за работата и постигнувањата на ООУ „Гоце Делчев“ с. Љубанци<br>• Одд дневници од I до IX одд<br>• Записничка книга од Наставнички совет<br>• Правилник за изрекување педагоши мерки<br>• Фотографии од доделување наградиза постигнат одличен успех и примерно поведение наниви на општина Бутел<br>• Годишна програма за работа на училиштето</td><td>1. Какви проблеми се присутни во врска со поведението и дисциплината?<br><br>Од наведените документи се гледа дека во учебната 2020-21 година немало ученици со изречена педагошка мерка, но затоа имало изречено педагошка мерка пофалба за одличен успех и примерно поведение кај 26 ученици од 1 до 8 одд и за котинуиран одличен успех во 9 одд кај 2 ученици.<br>Вп учебната 2021 – 22 година била изречене една педагошка мерка -казна усна опомена од раководител на паралелка која потоа била укината. Истата учебна година биле пофалени 17 ученици од 1 до 8 одд за одличен успех и примерно поведение како и за континуиран одличен успех и примерно поведение кај 2 ученици од 9 одд.<br>За прв пат во учебната 2021-22 година на ниво на општина Бутел се пофалени и наградени 5 ученици со парична награда од една просечна плата.<br><br>2. Какво влијание имаат тие врз машките и женските деца и учениците од различно етничко потекло? Како училиштето реагира на таквите проблеми?<br><br>Со цел сузбивање на непримерно поведение и насилното однесување во нашето училиште донесуваме програма за мерки за зголемување на сигурноста во училиштето, а вработените во училиштето во случај на насилство помеѓу децата и други кризни ситуации реагираат на следниов начин:<br><br>1. Раздвојување на скараните ученици и смирување на ситуацијата;<br>2. Краток индивидуален разговор со скараните ученици, договор за заеднички разговор со родителите по наставата истиот ден (класен раководител, предметни наставници);<br>3. Повикување на родителите на разговор;<br>4. Заеднички разговор на учениците, родителите, класниот раководител, психологот и договор за активности за превентивно делување (спречување на лошото однесување);<br>5. Во случај да не може да се совлада ситуацијата, да се повика полиција;<br>6. Ако има потреба да се повика и Центарот за социјално здравје.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| • **Записници од одржани состаноци на Совет на родители**<br>• **Записници од одржани седници на Училишен одбор;**<br>• **Записници во одделенски дневници од родителски состаноци**<br>• **Фотографии од ликовна колонија, стручни предавања од Црвен крст и сл.** | ***3. На кој начин училиштето е отворено, кав е односот и соработката со надворешните лица од посредното и непосредното опкружување?***<br><br>Училиштето им дава можност на родителите да се вклучат во воспитно- образовниот процес на нивните деца и животот и работата на училиштето преку организирање на редовни и индивидуални родителски средби, отворен ден за прием на родители, вклучување во Советот на родители на ниво на паралелки, одделенија и на ниво на училиште и Училишниот одбор<br><br>Нашето училиште постојано соработува со МОН, БРО, Педагошкиот и на него сродните факултети, основните училишта на ниво на Општината и пошироко. Средните училишта од градот кои вршат презентација пред уписите на учениците од 9 одд,, со Заводот за ментално здравје, Поликлиниката Шуто Оризри каде на учениците им вршат систематски преглед и вакцинација,Стоматолошка ординација – каде се врши редовна годишна контрола на забите,, Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на град Скопје – соработка во врска со учениците сместени во ченичкиот дом,, Црвениот крст Чаир **кои одржуваат** предавања и работилници на дадена тема. и др.<br><br>Во локалната средина соработуваме со Општина Бутел, Месната заедница, спортските клубови и слично. Училиштето учествува во општинската манифестацијата Априлијада, преку покана на претставници од локалната самоуправа и други училишта на приредби по повод одбележување на значајни датуми и настани (одбележување на денот на раѓањето на Гоце Делчев, одбележување на патрониот празник на училиштето, преку ликовната колонија на која активно учество земаат ликовни уметници од сите основни училишта на територија на општина Бутел со талентирани ученици и ликовни уметници од цела територија на Македонија и соседните држави (Бугарија, Србија, Албанија) како и преку соработка со локалните бизнисменени при ситни поправки и интервенции. |
| • **Фотографии од заеднички активности, добиени дипломи и пофалници** | *4. Кои се тие аспекти што ги прават учениците и наставниците од двата пола да бидат горди на своето училиште?*<br><br>Земааат учество на разни конкурси ( ликовни и литературни), спортски активности (турнири) и натпревари на разни теми, презентирање на наученото на приредби по разни поводи и културно однесување секогаш и на секое место. |

<table>
<tr><td colspan="2">Собирање на податоци 1 (Кои податоци се собрани:? Кои методи се користени? )<br>Обработка на документи</td></tr>
<tr><td>• Наведете ги сите доументи кои се прегледани</td><td>• Кои информации се собрани?<br>• Оддел 5.2. Промовирање на постигнувањата</td></tr>
<tr><td>• Одд дневници од I до IX одд<br>• Годишни извештаи за учество на натпревари и конкурси<br>• Годишен извештај за работата и постигнувањата на ООУ „Гоце Делчев“ с. Љубанци<br>• Фотографии<br>• Анкета со наставници</td><td>• Што прави училиштето да ги промовира личните постигнувања на сите ученици (момчиња и девојчиња), вклучувајќи ги и оние со послаби способности за учење?<br><br>Предизвик на секое училиште е да ги промовира личните постигнувања на своите ученици, па така и нашето училиште се труди да го прави тоа со земање учество на конкурси и натпревари, спортски манифестации и тоа:<br><br>Меѓународни ликовни конкурси: „13 Ноември“ и „Флора и фауна“ ( по 1 прво место 2021-22);Литературни конкурси: ,,Загрли живот“ ( 29 благодарници за учество 2020-21), БЗР од мали нозе ( 1 место – категорија раскз, 3 место категорија расказ и 21 пофалница/ благодарница 2020-21), „Вело родео“ турнеја-литературен и ликовен конкурс по повод Европска недела на мобилност ( 4 сертификати за учество – 2020-21), ,,Творам за Македонија”-Јазикот на душата ( 3 сертификати за учество 2020-21), 53. Детски рацинови средби-државен конкурс (3 место и 15 дипломи за учество – 2020-21), Светска манифестација ,,Christmas Global Poetic Meeting 2020” ( 6 сертификати за учество), конкурс за најдобра необјавена песна за деца ( 9 благодарници за учество 2020-21), литературен конкурс – детските раце творат за Македонија (13 пофалници – 2020-21), Видео проект Македонските поети со цвеќето на мирот -државен( 1 сертификат 2020-21), The spirit of Asia contest-69 ( 1 сертификат 2020-21), My words: A renaissance ( 1 сертификат 2020-21), Weekly poetry contest 151 ( 3 сертификати 2020-21), Sarau dia das criancas (1 сертификат 2020-21);<br><br>Општински натпревар по географија за 6, 7 8и 9 одд.(1 ученик со пофалница 2020-21 год, 3 ученика добиле пофалница во 2021-22 год)), општински натпревар по англиски јазик ( освоено 1 и 3 место во 2020-21год), регионален натпревар по англиски јазик ( две 2 места во 2020-21 год), Регионален/државен натпревар по фотографија по француски јазик – Concours de présentation photo “Mon quotidien avec Covid 19” - 2 потврди за учество во 2020-21 год), Регионален натпревар по француски јазик “Les Olympiades”( 2 потврди за учество 2020-21), државен натпревар по англиски јазик (2 потврди за учество 2020-21).<br><br>Учество во големата манифестација Олимписки ден во општина Бутел со прviот човек на светскиот спорт д-р Томас Бах со 30 деца кои беа вклучени во пречекот и програмата (фудбал, кошарка, одбојка, таеквондо, борење, карате, ракомет.)<br><br>Училиштето се труди да ги стимулира сите ученици вклучително и оние со послаби способности за учење, ученици од двата пола преку презентација на нивните трудови на</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | паноа во училниците и ходниците и вклучување во приредби. Во изминатите 2 учебни години организирани се изложби на ученички трудови во просториите на училиштето по повод:<br>• Значајни датуми од културно-историското минато на нашата земја;<br>• Приредба по повод патрониот празник<br>• Датуми поврзани со раѓањето и смртта на патронот Гоце Делчев,<br>• Меѓународен ден на јазиците<br>• Приредба по повод прием на првачиња<br>• Одбележувањена денот на планетата Земја<br>• Априлијадата<br>• Учество во Ликовната колонија, с. Љубанци 2021- 2022 година |
| • **Записници од наставнички совет,**<br>• **Писмени извештаи за напофалби и казни** | 5. *Дали давањето признанија е присутно во сите подрачја на активностите во училиштето и се однесува и на учениците со послаби способности за учење?*<br><br>Во училиштето постои традиција ученици со одличен 5,00 успех да се пофалувааат и наградуваат со книга, а посебно учениците од 9 дд кои покажале континуиран одличен успех. За сите нив се води писмена евиднција.<br><br>Од анкетата се дознава дека на ученици им се даваат пофалници само за учество во училишни манифестсации, но тоа не е тардизија и учениците претходно за тоа не с е известени.<br>Наставниците настојуваат во училница на паноа да бидат истакнати трудови и од ученици со послаби способности за учење.<br><br>Во училиштето не постои документ со кој се регулира наградувањето. |

| **Собирање на податоци 1 (Кои податоци се собрани:? Кои методи се користени? )**<br>**Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Наведете ги сите доументи кои се прегледани** | **Кои информации се собрани?**<br>**Оддел 5.3. Еднаквост и правичност** |

| | |
|---|---|
| • **Записи за одржани часови од ОЖВ во одделенски дневници,**<br><br>• **Годишен текстуален извештај за работата на училиштето и Извештај за работата на психолог**<br><br>• **фотографии** | 6. *Што прави училиштето за да обезбеди еднаквост и правичност за сите ученици вклучувајќи ги машките и женските деца, учениците со посебни образовни потреби и учениците од различно етничко потекло?*<br><br>Училиштето дава еднакави можности на сите ученици без разлика на полот, етничката припадност, социјален статус и разлики по други основи, ученици од месното население и ученици сместени во ученичкиот дом. Тоа го спроведува преку работилници и други активности од кои поголем дел ги работат наставниците на часовите на одделенските заедници на кои се реализира програма од ОЖВ и работилници кои ги спроведува стручната служба (Психолог и Дефектологот ) на училиштето. |
| • **Извештаии од стручните соработници** | 7. *Како училиштето им помага на наставниците тие подеднакво да ги третираат сите ученици?*<br><br>Наставниците целосно и рамноправно ги почитуваат сите ученици без разлика на етничкото потекло или посебните образовни потреби. Инклузивниот тим на училиштето им помага на наставниците кои работат со ученици со ПОП. Училиштето води сметка дали секој наставник планира и реализира часови за мултиетничка интеграција во образованието (МИО) и часови за отворен ден по Граѓанско образование . |
| • **Одделенски дневници**<br>• **Записници од Наставнички совети**<br>• **Инструменти од посета на часови** | 8. *Како училиштето следи сите ученици да добиваат подеднаков третман?*<br><br>Успехот, изостаноците и поведението на учениците редовно се следат од одделенските раководители, раководителите на паралелките и стручната служба на училиштето. За сите постигнувања на ученикот, промени во успехот или поведението постојано се известува стручната служба и директорот, и на Наставничките совети .Изминативе две учевби години стручната служба изврши по четири посети на часови на наставниците и тоа два пати во првото и два пати во второто полугодие. |

| **Собирање на податоци 1 (Кои податоци се собрани:? Кои методи се користени? )**<br>Обработка на документи | |
|---|---|
| **Наведете ги сите доументи кои се прегледани** | **Кои информации се собрани?**<br>**Оддел 5.4. Соработка со родителите и со локалната заедница** |
| • **Огласни табли во ходниците**<br>• **Записници од одделенски дневници** | 9. *Како училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во образованието на своите деца и на кој начин тие се вклучуваат во животот на училиштето?*<br><br>Училиштето ги потикнува родителите да се вклучат во образованието на своите деца преку: |

| | |
|---|---|
| • **Записници од индивидуални средби на наставниците**<br>• **Записници од советување на родители**<br>• **Годишен извештај за работата на училиштето**<br>• **Извештај од работата на ученичкиот парламент** | • Отворен ден на училиштето за средба на родителите со предметните наставници (при секоја родителска средба)<br>• Редовни родителски средби и вонредни родителски средби;<br>• Индивидуални средби;<br>• Советување на родителите и учениците од психологот на училиштето согласно Законот;<br>•Информации пред Советот на родители;<br>•Информации пред Училишниот одбор;<br>-Информации од Ученичкиот парламент |
| • **Записници од седници на Училишен одбор**<br>• **Записници од состаноци на Совет на родители**<br>• **Записници од реализрани заеднички родителски средби**<br>• **Записници ( или запис во дневник од индивидуални росителски средби**<br>• **Затворена facebook група на секое одделение**<br>• **WEB страна на училиштето**<br>• **Анкета со родители** | 10. *На кој начин се комуницира со родителите и какви информации им се даваат на родителите за училиштето?*<br><br>Со родителите се комуницира на повеќе нивоа: преку седници на Училишниот одбор во кој има нивни претставник; преку состаноци на Совет на родители, редовни родителски состаноци, индивидуални средби родител – наставник, на отворени денови, советувања со психолог, пишани пораки, телефонски ( пораки или разговори), WEB страната на училиштето.<br>Родителите преку телата во кои членуваат имаат можност да се запознаат со Годишната програма на училиштето, со Годишниот извештај од работењето на училиштето, со планирани или актуелни проекти,конкурси и тендери.<br>Преку родителските средби ( заеднички, индивидуални, отворени денови ) се запознаваат со целите на наставата, успехот, редовноста ,поведението на учениците и тековните – актуелни проблеми или случувања во училиштето. Со пораки (пишани на хартија или телефонски) најчесто се информираат родителите на најмалите ученици за тековни работи ( систематски прегледи, родителски средби, интерес за посета на институции, фестивали ...). Преку Е дневниот ( автоматски) се информираат за изостаноци и добиени оцени. Преку затворена facebook група, WEB страната на училиштето добиваат пишани известувања , фотографии или видео снимки од активности за време на час, вонnаставни и вонучилишни активности.<br>Од спроведената анкета се дознава дека 80% од родителите се задоволни од информациите што ги добиваат поврзани со работата на училиштето, а останатите се делумно задоволни. Се дознава дека поголем дел од нив би сакале информации за работата на училиштето да добиваат во електронска форма или директни средби. |
| • **Записи во одделенските дневници ( вонnаставни и вонучилишни активности)**<br>• **фотографии** | 11. *Како училиштето соработува со другите заинтересирани учесници во образованието од локалната заедница ( на пр: локалните стопански организации, фабрики, културни центри, итн.)? Какво влијание имаат локалните власти врз училиштето и обратно?* |

| | |
|---|---|
| | Училиштето настојува да соработува со правни и физички лица од локалната заедница и локалните власти(сектор за образование и кабинетот на градоначалникот) а сето тоа се одвива согласно Законот за основно образование. Се соработуваше со здравствени организации преку грижа за здравјето на учениците(систематски и стоматолошки прегледи и вакцинација) ,Црвен крст –преку практични предавања и вежби за давање на прва помош , учество во спортски настани и културни манифестации. |

| **Собирање на податоци (II) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)** | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Анкета (за ученици)** | Луиза Велкоска<br>Санела Тренова | *Од спроведената анкета се дозна :*<br>• *дали односот меѓу самите наставници и односот помеѓу наставниците и учениците се базира на взаемно почитување;*<br><br>Од извршната анализа на анкетата која беше спроведена меѓу учениците од V-IX одд 85% од учениците одговориле дека наставниците меѓусебно се целосно се почитуваат и дека наставниците ги почитуваат учениците. Сосема дека се почитуваат одговориле 10% и делумно се почитуваат 5 %. Ова е добар показател за меѓусебната комуникација и соработка помеѓу наведените.<br><br>• *дали односот меѓу учениците од ист или од различен пол или од различно етничко потекло се исполнети со почитување;*<br><br>Од анализата 55% од учениците одговориле дека учениците од ист пол меѓусебно се почитуваат, додека пак 46% одговориле дека учениците од различен пол меѓусебно се почитуваат. 45% одговориле дека ги почитуваат учениците од различно етничко потекло,30 % одговориле дека се согласуваат, а останатите 10 %не се согласуваат.<br><br>• *дали односите меѓу учениците со различни способности или со различни пречки во умствениот или физичиот развој се базираат врз* |

| | | |
|---|---|---|
| | | *взаемно почитување*<br><br>На оваа прашање од анализата се дознава дека 80% од учениците ги почитуваат и прифаќаат учениците со различни способности или со различни пречки во умствениот или физичиот развој, 16 % одговориле дека се согласуваат а само 4% подговориле дека не се согласуваат. Според овие проценти овие ученици се одлично прифатени во нашето училиште. |
| **Анкета ( за родители)** | Луиза Велкоска<br>Санела Тренова | *Од спроведената анкета се дозна :*<br>• *дали родителите се задоволни од информациите што ги добиваат а се поврзани со работата на училиштето*<br><br>Од спроведената анкета се дознава дека 70% од родителите се задоволни од информациите што ги добиваат поврзани со работата на училиштето, а останатите 30%се делумно задоволни.<br><br>• *на кој начин сакаат да добиваат информации за работата на училиштето*<br><br>Се дознава дека поголем дел од нив би сакале информации за работата на училиштето да добиваат во електронска форма или директни средби. |
| **Анкета (за наставници)** | Луиза Велкоска<br>Санела Тренова | *Од спроведената анкета се дозна :*<br><br>• *Што прави училиштето да ги промовира личните постигнувања на сите ученици ( момчиња и девојчиња), вклучувајќи ги и оние со послаби способности за учење;*<br><br>Училиштето се труди да ги стимулира учениците преку презентација на нивните трудови, како показател за добро реализираната работа, на паноа во училниците кои учениците ги уредуваат со одделенските/ предметните наставници. Исто така учествуваат на повеќе вонаставни и вонучилишни активности, меѓу другото и конкурси и натпревари од одделенска и предметна настава.<br><br>• *Дали давањето признанија е присутно во сите подрачја на активностите во училиштето и се однесува и на учениците со* |

| | | |
|---|---|---|
| | | *послаби способности за учење*<br><br>Во училиштеото не е присутна традицијата  на давање признанија во сите подрачја на активности вклучуваќи ги и учениците со послаби способности за учење.<br>Во училиштето постои  традиција за давање признание на ученици со континуиран одличен успех на крајот од учебната година  и повремено давање признанија за во други подрачја на активностите вклучувајќи и ученици со послаби способности за учење. |
| **Интервју со директор** | Луиза Велкоска<br>Санела Тренова | • *Како училиштето им помага на наставниците тие подеднакво да ги третираат сите ученици?*<br>Преку различни работилници организирани од страна на стручната служба, индивидуални средби и разговори и ширење на позитивни примери за еднаквост.<br>• *Како училиштето следи сите ученици да добиваат подеднаков третман?*<br>Низ разговор и посета на часови од страна на директор и стручна служба. |
| ***Анализа на резултатите:***<br>Во изминативе две учебни години (2020/21 и 2021 -22 година) се спроведуваше самоеваулација преку која се истражуваа и исцрпуваа многубројни податоци.<br>Врз основа на анализата на резултатите од обработените анкетни прашалници, констатирано е дека во нашето<br>училиште постои добра соработка на ниво на училиште, а тоа подразбира  комуникација помеѓу директорот, стручната  служба и наставниците. Вработените се информирани за преземените активности од страна на директорот, а од  стручната служба добиваат помош   и заеднички ги идентификуваат децата со ПОП, емоционални и други потешкотии. Стручната  служба дава поддршка при решавање на конфликтни ситуации. На ниво на училница постои одлична соработка помеѓу  наставниците и учениците, како и помеѓу самите наставници. Што се однесува до комуникацијата со окружувањето,  нашето училиште редовно соработува со родителите на учениците, институциите од централно ниво (МОН, БРО, ДПИ и ДИЦ.), Локалната самоуправа Градоначалник, општински совет и јавни установи. Има комуникација со други образовни институции во РСМ, со граѓански здруженија и донатори, а комуницира и со бизнис сектор | | |

## ПОДРАЧЈЕ БРОЈ 6: РЕСУРСИ

| Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).<br>(i) Обработка на документи | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| ▪ пописна листа;<br>▪ фактура бр. 7 од 4.10.2021 | Училниците, спалните соби и дневната соба во ученичкиот дом, трпезаријата, кујната, канцелариите опремени се со адекватен намештај и опрема.<br>Набавени се ученички лкупи и столчиња |
| ▪ пописна листа;<br>▪ иапратница бр. 683/21 од 17.08.2021<br>▪ испратница бр. 73-25/1 од 30.05.2022<br>▪ записници бр. 2 од 2020/21 и 2021/22 од стручниот актив на предметна настава<br>▪ барање од активот на одделенска настава за набавка наставни средства<br>▪ годишни извештаи на училиштето за учебните 2020/2022 и 2021/2022 години;<br>▪ финансов план на училиштето | Од електро-технички нагледни средства училиштето располага со 9 интерактивни табли, со 9 статични и 2 мобилни ЛЦД проектори, 10 компјутери во кабинетот по информатика, 2 графоскопа, аспектомат, синтисајзер.<br>Бројот на наставни средства за пооделни наставни предмети е мал и не дава доволно можност за изведување на активна настава, но има тенденција на зголемување. Набавени се наставни и нагледни средства за потребите на прво одделение и за математика и природните науки<br>Фискултурната сала е опремена со голови, кошеви, мрежи за одбојка и пинг-понг, рипстоли, како и со други спортски реквизити (топки, јажиња, хулахопи и др.)<br>Училиштето располага со одреден број енциклопедии, визуелни речници, и стручна литература.<br>Потребите од наставни и нагледни средства, наставниците ги утврдуваат на состаноците на стручните активи и до училиштето доставуваат барање за набавка на истите.<br>Училиштето планира и обезбедува доволно потрошен матерјал. |
| ▪ работни досиеја;<br>▪ дипломи и сертификати;<br>▪ огласи за вработување;<br>▪ записници од состаноци на Наставничкиот совет; | Во училиштето има вкупно 25 вработени (без наставниците кои дополнуваат часови кај нас), од кои 14 се наставници и 2 воспитувачи. Сите наставници и воспитувачи со високо образованиеи соодветни за предметот кој го предаваат. Часови во нашето училиште дополнуваат 4 наставници.<br>Наставниот кадар се вработува по објавен оглас.<br>На наставниците приправници Наставничкиот совет им одредува ментори. Со оглед на тоа што во нашето училиште нема наствник ментор, менторите се од други училишта.<br>За поддршка на наставниот кадар во училиштето има стручна служба |

| | |
|---|---|
| | составена од дефектолог, психолог и библиотекар. |
| ▪ планови за професионален развој;<br>▪ наставнички досиеја;<br>▪ годишни извештаи на училиштето за учебните 2020/2021 и 2021/2022 години;<br>▪ записници од стручните активи | Секој наставник и стручен соработник изработува план за професионален развој за секоја учебна година и настојува да го реализира преку посети на семинари и обуки.<br>Во учебните 2020 / 2021 и 2021 / 2022 година од страна на наставниците и воспитувачите биле посетени вкупно 146 или просечно по 10,43 обуки. Од страна на стручна служба биле посетени 21 или просечно по 3 обуки.<br>Наставниците се усовршуваат и во рамките на стручните активи, преку посета на нагледни часови и стручни предавања, црпејќи искуства од своите колеги за нови техники и методи на работа. |
| ▪ записници од седниците на УО<br>▪ документација за спроведени јавни набавки<br>▪ архива (доставување финансови планови) | За да финансиското работење биде добро спроведување и контролирано формирана е комисија за јавни набавки, на седниците на училишниот одбор се усвојуваат завршните сметки и финансови планови и истите се доставуваат до општината. |

| **Собирање на податоци (ii) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)** | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| ▪ увид на просториите и училишниот двор во училиштето | Светлана Малегановска, Бојана Наумова Радосавлевиќ | Училиштето располага со:<br>1. 9 класични, добро опремени и реновирани училници кои се сместени во двете згради. Истите се опремени со интерактивни табли и ЛЦД проектори; доволен број соодветни клупи и столчиња, шкафови за наставни средства и помагала. Во неколку училница има компјутери за секое дете со слаба (стара) конфигурација и не се во функција. Една училница е опремена со клима уред.<br>2. Кабинет по техничко образование опремен со соодветни клупи, шкафови, грсфоскоп и потребен прибор;<br>3. Кабинет по информатика опремен со 10 нови компјутери и адекватен мебел;<br>4. Фискултурна сала со гардероби и тоалети, опремена со голови, кошеви, рипстоли кои не се монтирани и други реквизити (топки за фудбал, ракомет, одбојка и кошарка, јажиња за скокање, хулахопи, |

| | | |
|---|---|---|
| | | мрежи за одбојка и пинг понг);<br>5. Библиотечна просторија која е во тек на реновирање и уредување;<br>6. Наставничка канцеларија со адекватен намештај и клима уред;<br>7. Канцеларии за директор, секретар, психолог и дефектолог, во кои има поставено нов ламинат и опремени со компјутери или лаптопи, со 2 фотокопира и 2 клима уреди;<br>8. Просторија за техничкиот персонал и други помошни простории;<br>9. Ученички санитарнен јазел и наставнички тоалетот кои се во добра состојба.<br>Интернатот располага со:<br>1. 3 добро опремени спални соби;<br>2. Дневна соба, опремена со намештај, телевизор и има пријатен изглед;<br>3. Кујна која не е уредена по хасап систем и во која недостасува кујнска опрема;<br>4. Трпезарија со поплочен под и ѕидови;<br>5. Тоалет со бања во добра состојба.<br>Во сите простории има ПВЦ прозорци со што е обезбедена топлинската изолација.<br>Целото училиште се загрева со централно греење.<br>Во новата зграда монтирана е сигурносна рампа за учениците со физички инвалидитет и поставена е нова влезна врата.<br>Училишниот двор не е целосно ограден. Има нова порта. Во него е бетонирана приодна патека за лица со физички инвалидитет. Поголемиот негов дел е асфалтиран и асфалтот е доста оштетен. Тој не е хортикултурно уреден и во него нема клупи.<br>Приодот кон фискултурната сала не е ограден и од стазата се разрушени бехатон плочките. |
| ▪ интервју со библиотекарот | Бојана Наумова Радосавлевиќ | Според последната евиденција која е направена на крајот на учебната 2021/2022 година, училишната библиотека располага со 9120 книгии, лектири и стручна литература и енциклопедии.<br>Оваа година стигната е донација на лектирни изданија од ООЦК Црвен крст, Чаир.<br>Училиштето вложува максимални напори за постојано обновување на библиотечниот фонд кој сè уште не располага со сите лектири кои се ставени како изборни според решението на БРО, но задолжителните лектирни изданија ги има.<br>Во библиотеката има вкупно 7 147 лектирни изданија, од кои 3 998 се за учениците од прво до петто одделение, а 3 150 се за учениците од шесто до |

| | | |
|---|---|---|
| | | деветто одделение.<br>При издавање на книгите не се води електронска евиденција за позајмени, вратени или оштетени книги, бидејќи се библиотечната просторија е во тек на реновирање и уредување со што се предвидува опремување со нови полици за книги, компјутерска опрема, софтвер за водење електронска евиденција на сите книги, прилагодување на дел од просторот за читална, која ќе биде достапна за сите ученици, за изработка на проектни и домашни задачи и други потреби на училишниот персонал.<br>Библиотекарот иам завршено курс за Техничка обработка на библиотечен материјал, одржан во НУБ „Св. Климент Охридски“, за кој се стекнал со сертификат. |

| **Анализа на резултатите:**<br>***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје*** |
|---|
| Наставата во училиштето се одвива во 9 класични училници, два кабинета ( по техничко образование и информатика ) опремени со доволен број соодветни клупи и столчиња кои се во добра состојба, со функционални ормани за нагледни средства, ПВЦ прозорци и врати. Кабинетот по информатика е опремен со нови компјутери. Училиштето има фискултурна сала која располага со гардероби и санитарни јазли, доволно спортски реквизити, но во неа не се монтирани рипстолите. Просториите во интернатот се уредни и функционални. Кујната не е по хасап систем и недостасува кујнска опрема Училиштето располага со добро опремени и естетски уредени канцеларии за наставниците, директорот, секретарот, психологот и дефектологот. Ученичките санитарни јазли, наставничкиот тоалет и тоалетот во интернатот се во добра состојба. Училиштето има сигурносна рампа и пристапна патека, но нема приспособен тоалет за ученици со физички инвалидитет. Главната влезна врата во старата училишна зграда е неисправна. Училишниот двор не е целосно ограден и не е хортикултурно уреден.<br>Училиштето располага со стручна литература и со голем број наставни средства и помагала, но за да се изведува поквалитетна, активна настава бројот на истите треба да биде поголем. Училиштето располага со 9 интерактивни табли, 9 статични и 2 мобилни ЛЦД проектори.<br>Училишната библиотека е во тек на реновирање и уредување, а располага со доволен број книги но за да ги задоволи потребите на учениците и наставниците треба да има повеќе. Книжниот фонд не се води електронски.<br>Потребите од наставни средства училиштето ги утврдува преку стручните активи и редовно го зголемува нивниот број.<br>Во училиштето вработени се 14 наставници и 2 воспитувачи и сите се со високо образование. Сите наставни предмети ги предаваат соодветни наставници. За поддршка на наставниот кадар во училиштето има вработено дефектолог, психолог и библиотекар.<br>Наставниците и членовите на стручната служба изготвуваат планови за професионален развој, на кој се доста посветени за што говори честата посета на разни семинари и обуки.<br>За добро спроведување и контролирање на финансиското работење на училиштето формирана е комисија за јавни набавки, на седниците на училишниот одбор се усвојуваат завршните сметки и финансови планови и истите се доставуваат до општината. |

## ПОДРАЧЈЕ БРОЈ 7: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

<table>
<tr><td colspan="2">Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени)<br>Обработка на документи</td></tr>
<tr><td>Наведете ги сите документи кои се прегледани</td><td>Кои информации се собрани?</td></tr>
<tr><td>Закон за основно образование<br>Статут<br>Записнички тетратки од Училишен одбор<br>Архива</td><td>7.1.Управување и раководење со училиштето<br><br>Со училиштето управува Училишен одбор и помеѓу членовите има правична застапеност на полови и општествени структури (прилог табела)<br><br>
<table>
<tr><th colspan="8">УЧИЛИШЕН ОДБОР</th></tr>
<tr><th colspan="2">РОДИТЕЛИ</th><th colspan="2">НАСТАВНИЦИ</th><th colspan="2">ЛОКАЛНА ВЛАСТ</th><th colspan="2">ВКУПНО</th></tr>
<tr><th>машки</th><th>женски</th><th>машки</th><th>женски</th><th>машки</th><th>женски</th><th>машки</th><th>женски</th></tr>
<tr><td>2</td><td>1</td><td>1</td><td>2</td><td>1</td><td>0</td><td>4</td><td>3</td></tr>
<tr><td colspan="2">3</td><td colspan="2">3</td><td colspan="2">1</td><td colspan="2">7</td></tr>
</table>
<br>Сите членови се со законски мандат и бројот на членовите е усогласен со член 105 од новиот Закон за основно образование („Службен весник“ бр. 161 од август 2019)<br>Претставници:<br>Претставник од основачот (општина Бутел):<br>- Цветко Рајевски од 13. 4.2022 година<br>Претставници од родители или старатели<br>- Елеонора павличковска од 22.12.2020 година<br>- Зоран Ацевски од 22.12.2020 година<br>- Влатко Младеновски од 22.12.2020 година<br>Претставници од редот на наставниците:<br>- Санела Тренова од 16.3.2021 година<br>- Анета Стојкова од 21.10.2020 година<br>- Николче Шекеровска од 21.10.20година<br>Согласно законската регулатива членовите се делегирани од: Наставнички совет научилиштето, Советот на родители при училиштето, локалната власт.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| Закон за основно образование<br>Статут<br>Систематизација на работни места<br>Записнички тетратки од Училишен одбор<br>Годишна програма за работа на училиштето<br>Развојна програма на училиштето<br>Годишен извештај за работа на училиштето<br>Анкетни прашалници за ученици, наставници и родители<br>Архива | Надлежностите за управување и административни задачи се јасно дефинирани во Законот за основно образование, Статутот на училиштето и Систематизација на работни места.<br>Редовно се одржуваат состаноци и тоа во согласност со потребите кои се тесно поврзани со активностите на училиштето. За присуството се грижат Претседателот на УО, за сите состаноци членовите добиваат уредно покани со предвидените точки за дневен ред.<br>УО одбор работи според своја програма која е дел од Годишната програма на училиштето.<br>Сите донесени одлуки, решенија и акти се со јасен консезус и за нив гаранција е потребниот кворум за работа. Сите информации за својата работа УО редовно ги споделува со другите субјекти вклучени во ВОР преку истакнување на Записници од состаноците на огласна табла. УО има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите структури во училиштето<br><br>**Раководен орган** на училиштето е Силвана Терзиева.<br>Раководниот орган успешно ја спроведува својата програма за работа, ја координира работата на стручните соработници, наставниците и другите страни вклучени во ВОП. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, кој се заснова на знаења и вештини, вклучувајќи и способност за ефективно делегирање, комуницира и раководи со вработените. Го следи ВОП во училиштето и постигнувањата на учениците, донесува одлуки и го заснова своето работење на тимска работа преку вклучување на вработените. Раководниот орган го поддржува реализирањето на еколошките содржини и спроведува училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето и меѓуетничката интеграција во образованието.<br><br>**7.2. Цели и креирање на образовната политика**<br>**Целите** во училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика и се секогаш ориентирани кон поквалитетна настава и поголеми постигнувања на учениците.<br>Целите се јасно дефинирани и се дел од Развојната програма на училиштето и дел од Годишната програма на училиштето, а Годишниот извештај на училиштето, кој се изготвува на полугодие и на крајот на учебната година дава информација за нивно успешно остварување или пак предлог за понатамошни инструкции како да се реализираат тие цели. Сите овие документи редовно се претставуваат пред сите субјекти на состаноци: на УО, Наставнички совет, општина, Совет на родители, Ученички парламент. На тие состаноци се обезбедува информираност на сите релевантни субјекти како и информации околу сите недоследности доколку ги има. Сите мислења се земаат во предвид и на родителите и на учениците.<br><br>**7.3. Развојно планирање**<br>**Развојно планирање-** во утврдувањето на целите активно се вклучени наставниците, учениците, родителите и претставник од локалната заедница и тие јасно ја отсликуваат мисијата и визијата на училиштето. Со помош на акциските планови се реализираат поставените цели, а истовремено се следи нивното спроведување преку планот за следење и евалуација на нивна реализација, во |

| | |
|---|---|
| | кој се определени критериумите, инструментите, динамиката и носителите на активностите со кои се следи успешноста на реализирање на поставените цели.<br>Во развојната програма на училиштето постои план за подобрување и осовременување на инфраструктурата на училиштето. Планот се ревидира согласно потребите, како и според обезбедените сопствени средства, соработка со локалната самоуправа и заедница во однос на подобрување на инфраструктурата.<br>Развојната програма се презентира на УО, Наставнички совет, Совет на родители и Ученички парламент што значи дека училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, планот за нивна реализација и за резултатите преку редовно одржување на состаноци со совети на наставници и родители, родителски средби, известувања и соопштенија. Училиштето ги зема во предвид ставовите, мислењата и идеите на наставниците, родителите, учениците и локалната заедница. Училиштето постојано ги следи, поддржува и реализира потребите за стручно усовршување на вработените и истите се реализираат во согласност со обезбедените финансиски средства.<br><br>Секој наставник има изработено свој план на професионален развој, се зема учество во семинари за кои се води евиденција во Професионалното досие на наставникот и Педагошкиот картон на наставникот.<br><br>Училиштето има донесено Финансиски план, усвоен извештај за пописните комисии, усвоена завршна сметка и План за јавни набавки (увид кај секретар).<br>Училиштето работи според однапред изготвен и усвоен годишен план за јавни набавки. Обезбедените средства од локалната самоуправа се вршат по потреба.<br><br>Преку дисеминација на стекнатото знаење, континуирано се следи примената на стекнатото знаење од усовршувањето (полугодишни и годишни извештаи)<br><br>Во училиштето има вработено лице (мобилен дефектолог кој во нашето училиште работи само во понеделник, среда и петок), за работа со ученици со посебни потреби кое работи според изготвен план и програма (увид кај дефектолог).<br><br>При извршениот увид за инфраструктурата е констатирано дека училиштето континуирано го ревидира планот за подобрување и осовременување на инфраструктурата и обезбедува средства за инвестирање во истата. Навреме се детектираат, идентификуваат и реализираат потребите од материјално-технички средства. Постојните нагледни средства и опрема редовно се користат, оштетените се поправаат, а неупотребливите се заменуваат со нови во согласност со расположливите финансиски средства. Училиштето редовно ја одржува или ја заменува инфрастуктурата со помош на локалната заедница и самоуправа, за што зборуваат бројните инфраструктурни промени кои се направени во изминативе 4 (четири) години, а за кои има докази |

<table>
<tr><td></td><td colspan="2">во Годишните програми во делот за стекнати искуства.<br><br>Раководниот орган редовно ги следи законските измени и дополнувања од областа на образованието и ги уважува и спроведува сите укажувања од просветниот инспекторат од БРО, Државниот просветен инспектор и укажувањата и соопштенија од Секторот за основно образование при МОН.<br><br>На крајот на секоја учебна година се прави анализа на постигнувањата на учениците која понатаму се користи за изготвување на приоритеи за ВОП во училиштето.<br><br>Нашето училиште спаѓа во училишта со паралелки со мал број (под 24 ученици) на ученици за што секоја година училиштето доставува Барање за мислење од МОН  до Градоначалникот на општината и добива Согласност за формирање на паралелки со ученици под 24. (увид кај секретар)</td></tr>
<tr><td colspan="3">Собирање на податоци (ii) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)</td></tr>
<tr><td>Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци</td><td>Учество:  Кој беше вклучен во собирање на овие информации</td><td>Кои информации се собрани?</td></tr>
<tr><td>Интервју со директор</td><td>Тим составен од:<br>Анета Стојкова<br>Елена Наумовска<br>Ивана Крстиќ<br>Влатко Котески</td><td>Од интервјуто спроведено со директорот ги добивме следниве информации:<br>• Информирањето на наставниците, директорот го остварува на Одделенски и Наставнички совети, а учениците и родителите ги информираат индиректно преку одговорните наставници на паралелките и состаноците на Совет на родители.<br>• ВОП директорот го следи преку посета на часови, а постигнувањата на учениците го следи преку анализите на успехот кои се презентираат на Одделенски и Наставнички совет<br>• Еколошките содржини директорот ги подддржува со следење на интегрирани еко часови во наставата и обезбедување на учество на сите еко акции на ниво на оптштина.<br>• Директорот ја креира училишната политика за инклузивноста и меѓуетничка интеграција. Во креирањето на таа политика ги интегрира Локалната самоуправа, Училишниот одбор и Советот</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td></td><td></td><td>на родители. Обезбедува средства за обука на наставници. За што често се соочува со проблеми.</td></tr>
<tr><td>Прашалник со наставници<br>Прашалник со ученици<br>Прашалник со родители</td><td>Тим составен од:<br>Анета Стојкова<br>Елена Наумовска<br>Ивана Крстиќ<br>Влатко Котески</td><td>Прашалниците се поделени на 15 наставници, 15 родители и 15 ученици.<br>Анализата ги покажа следните резултати:<br><br>1 Индикатор: <u>Управување и раководење со училиштето</u><br>Исказ/тврдење во кое се дадени споредбени резултати од анкетирани родители, ученици и вработени<br><br>1.Помеѓу вработените и учениците владеат добри односи.
<table>
<tr><td></td><td>Сосема точно</td><td>Делумно точно</td><td>Неточно</td><td>ВК</td></tr>
<tr><td>Родители</td><td>12(80%)</td><td>3(20%)</td><td>0</td><td>15</td></tr>
<tr><td>Ученици</td><td>10(67%)</td><td>5(33%)</td><td>0</td><td>15</td></tr>
<tr><td>Вработени</td><td>7(60%)</td><td>5(33%)</td><td>1(7%)</td><td>15</td></tr>
</table>
<br>2.Националната, етичката, верската,културната и јазичната различност се почитуваат и негуваат.
<table>
<tr><td></td><td>Сосема точно</td><td>Делумно точно</td><td>Неточно</td><td>ВК</td></tr>
<tr><td>Родители</td><td>13 (87%)</td><td>2 (13%)</td><td>/</td><td>15</td></tr>
<tr><td>Ученици</td><td>11 (80%)</td><td>4(27%)</td><td>/</td><td>15</td></tr>
<tr><td>Вработени</td><td>15 (100%)</td><td>/</td><td>/</td><td>15</td></tr>
</table>
<br>3.Раководниот орган на училиштето влијае на добрата клима во училиштето.
<table>
<tr><td></td><td>Сосема точно</td><td>Делумно т□чно</td><td>Неточно</td><td>ВК</td></tr>
<tr><td>Родители</td><td>13 (87%)</td><td>2 (13%)</td><td>/</td><td>15</td></tr>
<tr><td>Ученици</td><td>13 (67%)</td><td>2 (13%)</td><td>/</td><td>15</td></tr>
<tr><td>Вработени</td><td>11 (73%)</td><td>4(27%)</td><td>/</td><td>15</td></tr>
</table>
<br>4. Директорот на училиштето одржува добри односи со учениците
<table>
<tr><td></td><td>Сосема точно</td><td>Делумно точно</td><td>Неточно</td><td>ВК</td></tr>
<tr><td>Родители</td><td>12 (80%)</td><td>3(20%)</td><td>/</td><td>15</td></tr>
<tr><td>Ученици</td><td>13 (87%)</td><td>2 (13%)</td><td>/</td><td>15</td></tr>
</table>
<br>5. Училиштето на сите ученици им дава исти можности и поттикнува</td></tr>
</table>

чувство на праведност.

| | Сосема точно | Делумно точно | Неточно | ВК |
|---|---|---|---|---|
| Родители | 13 (87%) | 2(13%) | / | 15 |
| Ученици | 11 (73%) | 4 (27%) | / | 15 |

6. Училиштето промовира здрав стил на живеење.

| | Сосема точно | Делумно точно | Неточно | В |
|---|---|---|---|---|
| Родители | 12 (47%) | 3 (20%) | / | 15 |
| Ученици | 7 (47%) | 8 (53%) | / | 15 |

7. Учениците учествуваат во донесување на одлуки за животот и работата на училиштето

| | Сос□ма точно | Делумно точно | Неточно | ВК |
|---|---|---|---|---|
| Родители | 7 (47%) | 5 (33%) | 3 (20%) | 15 |
| Ученици | 6 (40%) | 5(33%) | 4(27%) | 15 |

8. Учениците кои се соочуваат со лични проблеми,во училиштето добиваат добра стручна поддршка и помош.

| | Сосема точно | Делумно точно | Неточно | ВК |
|---|---|---|---|---|
| Родители | 10(67%) | 5 (33%) | / | 15 |
| Ученици | 9 (60%) | 5(33%) | 1(7%) | 15 |

1. На вработените во училиштето чувствувам дека можам слободно да им поставувам прашања и да им ги кажам проблемите

| | Сосема точно | Делумно точно | Неточно | ВК |
|---|---|---|---|---|
| Родители | 12 (80%) | 1 (7%) | 2(13%) | 15 |

2. Училиштето бара мислења и согласности од родителите кога се во прашање активности кои треба да бидат финансирани од родителите.

| | Сосема точно | Делумно точно | Неточно | ВК |
|---|---|---|---|---|
| Родители | 13 (87%) | 2 (13%) | / | 15 |

1. Запознаен сум со составот на раководниот тим на училиштето.

| | Сосема точно | Делумно точно | Неточно | ВК |
|---|---|---|---|---|
| Ученици | 10 (67%) | 5 (33%) | / | 15 |

2. Училиштето ги штити учениците од насилство и злоупотреба

| | Сосема точно | Делумно точно | Неточно | ВК |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ученици | 11 (73%) | 4 (27%) | / | 15 |

**2 Индикатор:** **<u>Цели и креирање на училиштната политика</u>**

***Исказ/тврдење во кое се дадени споредбени резултати од анкетирани родители, ученици и вработени***

1.Пристапот на поучување е соодветен на потребите, интересите и староста на учениците.

| | Сосема точно | Делумно точно | Неточно | ВК |
|---|---|---|---|---|
| Родители | 11(73%) | 1(7%) | / | 15 |
| Ученици | 10(66%) | 4(27%) | 1(7%) | 15 |
| Вработени | 13(87%) | 2(13%) | / | 15 |

2. Наставниците поттикнуваат развој на вештини и самостојност во учењето

| | Сосема точно | Делумно точно | Неточно | ВК |
|---|---|---|---|---|
| Родители | 13(87%) | 2(13%) | / | 15 |
| Ученици | 12(80%) | 2(13%) | 1(7%) | 15 |
| Вработени | 13(87%) | 2 (13%) | / | 15 |

3. При оценувањето се води сметка за индивидуалното напредување на учениците

| | Сосема точно | Делумно точно | Неточно | ВК |
|---|---|---|---|---|
| Родители | 11(73%) | 4-(27%) | / | 15 |
| Ученици | 11(73%) | 4-(27%) | / | 15 |
| Вработени | 14(93%) | 1(7%) | / | 15 |

4.Наставниците редовно ги информираат учениците / родителите за нивниот напредок и постигнувања.

| | Сосема точно | Делумно точно | Неточно | ВК |
|---|---|---|---|---|
| Родители | 11(73%) | 4(27%) | / | 15 |
| Ученици | 12(80%) | 3(20%) | / | 15 |
| Вработени | 14-93% | 1-7% | / | 15 |

5.Забелешките на родителите за постигањата и оцените се разгледуваат и прифаќаат.

| | Сосема точно | Делумно точно | Неточно | ВК |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Родители | 10(66%) | 3(20%) | 2(14%) | 15 |
| Вработени | 12(80%) | 3(20%) | / | 15 |

6. Во училиштето постојано се применуваат јасни правила на однесување.

| | Сосема точно | Делумно точно | Неточно | ВК |
|---|---|---|---|---|
| Родители | 13(87%) | 2-(13%) | / | 15 |
| Ученици | 8(54%) | 5(33% | 2(13%) | 15 |
| Вработени | 14(93%) | 1(7%) | / | 15 |

7. Училиштето ги поддржува учениците во различни воннаставни активности.

| | Сосема точно | Делумно точно | Неточно | ВК |
|---|---|---|---|---|
| Родители | 12 (80% | 3(20%) | / | 15 |
| Ученици | 12(80%) | 3(20%) | / | 15 |
| Вработени | 12(80%) | 2(13%) | 1(7%) | 15 |

8. Наставниците се оспособени за работа со ученици со посебни потреби.

| | Сосема точно | Делумно точно | Неточно | ВК |
|---|---|---|---|---|
| Родители | 12(80%) | 3(20%) | / | 15 |
| Вработени | 7(39%) | 8 (54%) | 1(7%) | 15 |

9. Внимателно се проценуваат учениците со различни способности или афинитети водејќи сметка за тоа секој ученик да биде соодветно поттикнат.

| | Сосема точно | Делумно точно | Неточно | ВК |
|---|---|---|---|---|
| Родители | 10(67%) | 5(33%) | / | 15 |

10. Родителите се поттикнуваат на соработка со наставниците со цел да се следи напредувањето на учениците.

| | Сосема точно | Делумно точно | Неточно | ВК |
|---|---|---|---|---|
| Родители | 9(60%) | 6(40%) | / | 15 |

11. Наставниците редовно ги информираат родителите за нивниот напредок и постигнувања.

| | Сосема точно | Делумно точно | Неточно | ВК |
|---|---|---|---|---|
| Наставници | 13-(87%) | 2(13%) | / | 15 |

12. Училиштето добро ги информира учениците од завршните паралелки за запишување во средни училишта и нивно идно школување

| | Сосема точно | Делумно точно | Неточно | ВК |
|---|---|---|---|---|
| Ученици | 11(73%) | 3(20%) | 1(7%) | 15 |

**3 Индикатор-Развојно планирање**

***Искази/тврдења од родители,ученици и вработени како споредбени резултати***

1.При креирање на развојниот план на училиштето се консултирани родителите и учениците.

| | Сосема точно | Делумно точно | Неточно | ВК |
|---|---|---|---|---|
| Родители | 11(73%) | 4(27%) | / | 15 |
| Ученици | 12(80%) | 3(20%) | / | 15 |
| Вработени | 11-73% | 4-27% | / | 15 |

2. Целите на училиштето се насочени кон унапредување на квалитетот на учење и кон подобри постигања на учениците.

| | Сосема точно | Делумно точно | Неточно | ВК |
|---|---|---|---|---|
| Родители | 12-(80%) | 3-(20%) | / | 15 |
| Ученици | 11(73%) | 4(27%) | / | 15 |
| Вработени | 14(93%) | / | 1(7%) | 15 |

3. Училиштето ги прифаќа ставовите на родителите и учениците кои се однесуваат за развојот на училиштето.

| | Сосема точно | Делумно точно | Неточно | ВК |
|---|---|---|---|---|
| Родители | 10(60%) | 5(33%) | 1(7%) | 15 |
| Ученици | 9-60% | 6-40% | / | 15 |
| Вработени | 11(73%) | 4(27%) | / | 15 |

4. Количеството и современоста на наставните помагала овозможува квалитетно вршење на наставата.

| | Сосема точно | Делумно точно | Неточно | ВК |
|---|---|---|---|---|
| Родители | 10(67%) | 5(33%) | / | 15 |
| Вработени | 10(66%) | 4(27%) | 1(7%) | 15 |

5. Задоволен сум со условите за работа во ова училиште.

| | Сосема точно | Делумно точно | Неточно | ВК |
|---|---|---|---|---|
| Родители | 11(73%) | 4-27% | / | 15 |
| Ученици | 11-73% | 4-27% | / | 15 |
| Вработени | 12(80%) | 3(20%) | / | 15 |

6. Критериумите на успешност на училиштето се специфични, мерливи и остварливи.

| | Сосема точно | Делумно точно | Неточно | ВК |
|---|---|---|---|---|
| Родители | 12-80% | 3-20% | / | 15 |
| Вработени | 13(86%) | 1(7%) | 1(7%) | 15 |

7. Располагањето со финансиски средства е во согласност со воспитно-образовните цели и приоритети на училиштето.

| | Сосема точно | Делумно точно | Неточно | ВК |
|---|---|---|---|---|
| Родители | 13(87%) | 2(13%) | / | 15 |
| Вработени | 10(66%) | 4(27%) | 1(7%) | 15 |

8. Наставните средства се во функција на наставата.

| | Сосема точно | Делумно точно | Неточно | ВК |
|---|---|---|---|---|
| Родители | 12(80%) | 3(20%) | / | 15 |
| Вработени | 13(87%) | 2(13%) | / | 15 |

9. Материјалите за потребите на наставата се обезбедуваат во доволна количина.

| | Сосема точно | Делумно точно | Неточно | ВК |
|---|---|---|---|---|
| Родители | 12(80%) | 3(20%) | / | 15 |
| Вработени | 9(60%) | 4(27%) | 2(13%) | 15 |

10. Училиштето располага со доволно финансиски средства за квалитетна работа.

| | Сосема точно | Делумно точно | Неточно | ВК |
|---|---|---|---|---|
| Родители | 12(80%) | 3(20%) | / | 15 |
| Вработени | 7(47%) | 5(33%) | 3(20%) | 15 |

11. Мебелот и опремата ги задоволуваат воспитно-образовните потреби.

| | Сосема точно | Делумно точно | Неточно | ВК |
|---|---|---|---|---|
| Родители | 10(66%) | 4(27%) | 1(7) | 15 |
| Вработени | 9(60%) | 6(40%) | / | 15 |

12. Информирањето на родителите за развојниот план на училиштето

| | Сосема точно | Делумно точно | Неточно | ВК |
|---|---|---|---|---|
| Родители | 9-60% | 6-40% | / | 15 |

13. Вработените, учениците и родителите во потполност ги разбираат целите на училиштето, нивната намена и темелните вредности.

| | Сосема точно | Делумно точно | Неточно | ВК |
|---|---|---|---|---|
| Родители | 13(77%) | 2 (13%) | / | 15 |

14. Бројот на училишни простории, хигиената, вклучувањето на учениците во уредување на училишниот двор, библиотечен фонд, нагледни средства и опременоста на училниците со компјутери.

| | Сосема точно | Делумно точно | Неточно | ВК |
|---|---|---|---|---|
| Ученици | 8(47%) | 6(40%) | 2(13%) | 15 |

15. Современоста на наставните помагала овозможува квалитетно вршење на наставата.

| | Сосема точно | Делумно точно | Неточно | ВК |
|---|---|---|---|---|
| Родители | 11-73% | 4-27% | / | 15 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Ученици | 10-(67%) | 5-(33%) | / | 15 |

**Анализа на резултатите:**

Со ООУ „Гоце Делчев“ с. Љубанци раководи Директор, а управува училишен одбор составен од 7 члена.
Надлежностите за управување и административни задачи јасно се дефинирани во Законот за основно образование, Статутот на училиштето и Систематизација на работни места. Во училиштето нив ги извршуваат Директорот, Училишниот одбор и секретар-благајник.
Училишниот одбор одржува седници според  Програма за работа на училишен одбор, а бројот на одржани седници зависи од потребите и тој варира, но просечно се одржани 6,23 седници во учебна година. Училишниот одбор најчесто ги држи со обезбеден минимален кворум за работа ( 64 % присутност на членовите)
Раководниот орган на училиштето ги консултира, а смета и дека ги информира сите заинтересирани субјекти ( наставници, ученици и родители ) за донесените одлуки. Информирањето го врши на Совети, учениците и родителите индирекно се информираат преку наставниот кадар, родителски средби како и на состаноци на Совет на родители и Ученички парламент.
Анкетираните ученици се изјасниле дека им се пружа можност да ги искажат своите потреби и предлози. Во креирањето на училишната политика учествува Директорот, Локалната самоуправа и Министерството за образование и наука. При креирањето на политиката води сметка за бројот на учениците во училиштето, структурата на училиштето, расположливиот наставен кадар, расположливите материјално-технички средства.
Поголем дел од наставниците се изјасниле дека се информирани за политиката што ја води директорот.
Училиштето води сметка за учениците со различни способности и предиспозиции во рамките на своите можности со тоа што со учениците кои потешко ги совладуваат наставните содржини организира дополнителни часови по предмети,  како и помош од стручните соработници.
Во училиштето наставата се изведува на македонски јазик со кирилично писмо.
За годишното планирање одговорен е директорот и стручните соработници како и тимови од наставници за одредено подрачје.
За планирањето да биде реално директорот ја користи анализата на реализираната Годишна програма од претходната учебна година и расположливите ресурси во училиштето.
Промените во инфраструктурата се на задоволително ниво.